# НАМЕСТО ПРЕДГОВОР

Во организација на Институтот за национална историја - Скопје, Друштвото за организирање на Мариовско-Мегленски културни средби - Прилеп, Друштвото за наука и уметност - Прилеп и Друштвото за наука и уметност - Битола, од 24 до 26 Ноември 1995 година, во Прилеп и Витолиште се одржа научен собир на тема: „Мариово и Меглен низ историјата“. Овој собир е во рамките на активноста на споменатите друштва од Прилеп и Битола и на одржаните научни собири, односно културни средби, резултат од кои се зборниците: „Мариово - природни и социо-економски обележја и можности за развој“, Прилеп, 1987; „Мариово - Меглен - Историја, фолклор во збор, слика и песна“, Витолиште, 1990 и „Фолклорот и етнологијата на Мариово и Меглен“, Прилеп, 1994.

На Собирот им беше овозможено на 50-ина референти од разни профили да се искажат за историското минато и сегашноста на Мариово и Меглен, па и хронолошки и тематски се опфатени сите периоди од антиката до најново време, и се зафатени проблеми од речиси сите сфери на живеењето во Мариовскио-Мегленскиот регион. За жал, Мегленската проблематика е помалку застапена, главно, поради неможноста за нормални комуникации, односно археолошки и теренски истражувања и истражувања во архивите и библиотеките во соседна Грција. Проблематиката за Мегленско беше осиромашена и со оневозможеноста на Архимандритот Никодин Цркњас од Лерин (Флорина) активно да учествува во работата на научниот собир.

Се надеваме дека, содржината на трудовите и богатата дискусија по нив, што за жал не е поместена во Зборникот, претставува своевиден придонес во расветлување на некои непознати моменти, односно дополнување или промена на некои сознанија од историското минато на Мариовско-Мегленскиот крај. Очекуваме, исто така, дека тие ќе бидат предизвик за натамошни проучувања, за нови погледи и сознанија, како и поттик за ревитализација на Мариовскиот, еколошки се уште незагаден регион.

На крајот, и во оваа прилика искажуваме благодарност до сите установи и организации кои го помогнаа одржувањето на Научниот собир: Министерството за наука на Р. Македонија, Собранието на Општина Прилеп, „Агро-Мариово“ - Витолиште, „Мариово-Инвест“ Градешница - Битола, „Козјак“ Рожден - Кавадарци. Исто така благодариме на Министерството за наука на Република Македонија и Собранието на Општина Прилеп кои го овозможија објавувањето на Зборникот.

Од Редакцијата


МАРИОВО И МЕГЛЕН
НИЗ ИСТОРИЈАТА
24, 25 и 26. 11. 1995 г.

Наде ПРОЕВА

# МАРИОВО ВО АНТИКАТА

Мариово се наоѓа источно од најголемата македонска рамнина Пелагонија, единствена област што од најстаро време сè до денес се именува со нејзиното античко име[1]. Тоа е помала географска целина, јужна граница е Скочивирската клисура од каде комуницира со Линкестида (денешна јужна Пелагонија, односно битолско-леринскиот крај), на североисток се граничи со Полошкиот манастир а на север со Дреновската клисура што ја врзува со Тиквешијата, односно со предримската област северна Пајонија. Од западната страна е ограничена со Селечка планина, а од југоисточната со планината Нице што во тој дел ги одделува Пелагонија и Мариово од областа Еордаја во Долна Македонија[2]. Се мисли дека областа Мариово, како и областа Дериоп, во антиката ѝ припаѓала на Пелагонија. Ова се поткрепува со фактот што од доцната антика (VI в.н.е.) името Пелагонија почнува да се користи за целата рамнина (леринско-битолско-прилепскиот крај) како што веројатно било првобитно, пред одделувањето на локалните области Линкестида, Derriopos[3] а веројатно и Мариово (Dostoneia?). Но можно е дека станува збор за одделно подрачје во нејзините рамки чие име не го знаеме и кое единствено може да ни го открие некој епиграфски извор. На еден терминациски натпис (за разграничување) од 120 г.н.е. најден во с. Витолиште делумно се сочувани имињата на два етникони кои за жал не можат да се дополнат. Досега единствен познат етникон во Мариово е онај на Достонеите при што се споменува дури два пати: на натписот всидан во црквата во с.Пештани се споменува управната заедница (koinon) на Достонеите, а на вотивниот натпис од с.Дуње Достонеецот Seueros Seuerou кој со мајка си Nike Apolloniou во 232 г.н.е. им направиле посвета на Диоскурите. Многу е веројатно дека станува збор за античкото име на жителите на Мариово (Dostôneis) и на областа на Мариово (Dostôneia).

Според податокот на Т. Ливиј[4] реката Erigon (Црна) течела низ Пајонија. Страбон[5] пак вели дека Пајонците и Пелагоници се нарекувале, а Плиниј[6] дека Пелагонците биле пајонско племе. А ако се потсетиме на податокот на Хомер[7] епонимниорт водач Pelagôn /Pelegôn, кој бил син на речниот бог Ах-

ios и татко на пајонскиот јунак Астеропај, ќе стане јасно дека Плиниј и Страбон се во право и фактички го потврдуваат податокот на Хомер за заедничкиот, пајонско-пелагонски етнички конгломерат што, според М. Гарашанин не е однос на староседелци и дојденци како што се мисли, туку хомогенизација во одреден момент[8]. А дека не може да биде однос на староседелци и дојденци се гледа кај Хомер кој ги споменува и двете племиња. Пелагонија и Пајонија често се мешале, Псеудо Скимнос градот Пелагонија го лоцирал крај Axios, што значи дека под тој поим е опфатено и Мариово бидејќи се наоѓа поблиску до Вардар, источно од областа Пелагонија сфатена во најтесна смисла на зборот. Тоа се стари спомени на овој заеднички пелагонско-пајонски супстрат, што го потврдуваат и матерјалните извори[9], но и причина за исчезнување на името Пајонија во римско време. Од ова произлегува дека најстарите жители на Мариово се познати под името *Пелаѓонци/Пајонци*. Затоа некои истражувачи мислат дека и градот Пелагонија се наоѓал во Мариово.

Што се однесува до етничкиот состав на населението во Мариово, именскиот матерјал од натписите ни дава иста слика како и во областите Пелагонија и Линкестида. Покрај доселените Римјани, пред сè ислужени војници-ветерани, и романизираните староседелци, натписите содржат имиња на староседелци кои се поврзуваат со бригиската компонента во етногенезата на Македонците[10]. Такви се имињата Beithys, Doules, Mesta, Mestylos, посведочени на надгробни споменици од Дуње и Пештани. Обичајот пак да им се даваат божески имиња (nomina sacra)[11] на смртните луѓе не е ниту грчки ниту римски, посведочен е само во Македонија и во М.Азија но не и кај Илирите и Тракијците[12].Тоа е уште еден доказ против теориите за божемното илирско потекло на Пелагонците и Пајонците како и тракиско потекло за Пајонците. Овој тип на имиња се среќава на антропоморфните споменици посведочени само на планинските венци на Пелагонија, Мариово и во граничните делови на Пајонија. Нивната форма како и обичајот на давање божески имиња на покојните покажува дека локалните традиции ја надживеале како хеленизацијата така и романизацијата. Во архајскиот период посведочени се антропоморфни споменици без натпис (Беранци, Живојно и Градешница) а оние со натпис (Дуње, лок. Испраен Камен меѓу с. Крушевица и Орле) се од римско време. Според тоа станува збор за домашен тип на надгробен споменик во вид на шематизирана човечка фигура, изработен од локален камен (гнајс, шкрилец). Понекогаш имаат врежани црти на лицето. Карактеристично е тоа што секогаш се направени за еден покојник, покрај името на покојникот понекогаш се испишани годините на живот но не и името на оној што го направил споменикот. Друга карактеристика е тоа што завршуваат со формулите „heros“ или „heros chaire“, што на другите типови споменици, иако ретко, се среќаваат само во овие области[13] што покажува дека станува збор за хероизација на покојникот, односно за своевиден култ на херојот што е врзан со верувањата за надгробниот живот[14]. Како што е вообичаено во цела Македонија и во Мариово хероизацијата на покојниците се изразува со тнр. тракиски коњаник, а хероизираните претци со коњаник во фронтот[15]. Римско влијание во оваа сфера

се огледа во тоа што на надгробните стели на ислужените војници хероизираните претци се прикажуваат со биста во фронтонот, според римскиот обичај, наместо со коњаник, како што е македонскиот[16].

На надгробните споменици од Мариово во потесна смисла на зборот застапен е само мотивот на фигура (Витолиште, Мелница, Вепрчани, Кален, Пештани) двапати комбиниран со хероизиран покојник во вид на тнр. тракиски коњаник (Кален, Пештани), а од скулптурата сочувани се само 3 бисти (Витолиште, Мелница, Дуње) една машка и една женска фигура од типот на Големата Херкуланка (Мелница), за жал сите без глава, што не дава можности за проценување на нивните уметнички квалитети и за поточно датирање.

За ширење на римското влијание најмногу придонесувала војската. Од римските легии во Мариово посведочени се две: во Витолиште Legio I Minervae, на ципусот на ветеранот C. Domitius Bellicis[17] чиј когномен е од германско потекло. Од крајот на I-от и почетокот на II-от век во Македонија биле врбувани војници за I-та италска легија чиј оддел се наоѓал во Витолиште каде војникувал P. Ailios Dionysios од Пештани при што добил римско граѓанско право што неговиот татко го нема.

На вотивните и на надгробните споменици прикажани се божествата: Артемида (Беловодица, Штавица, Крушевица, Кокре), Диоскурите (Дуње), Херакле (Мелница, Пештани), Хермес (Крушевица), хероизираниот покојник (Херос) во литературата познат како тракиски коњаник (Кален, Ореовец), Дионис (Лениште), Либер и Либера (Пештани), кои се всушност interpretatio romana на локалниот Дионис и неговиот женски пандан. Од источните култови на ципусот од с. Витолиште индиректно е посведочен култот на Изида преку теофорното име Eisias.

Во Мариово пак во поширока смисла на зборот покрај овие божества (Диоскурите и Херакле во с. Волково, а Хермес во Прилепец), посведочени се уште Афродита со Пријап (Прилепец), Мојрите (Ореовец), Хигија и Асклепиј (Ореовец) што претставува interpretatio graeca на домашниот култ на змијата посведочена во с. Беловодица и Ореовец. Тоа убаво се гледа од натписот во карпа кај Плетвар посветен од преторијанецот Tiberius Klaudius Rufus, покрај кој е прикажана змија и јајце/патера.

Според мислењето на некои стручњаци во Мариово се наоѓал градот *Пелаѓонија*, главен град на IV-та македонска мерида. На повеќе локалитети во мариовскиот крај пронајдени се антички остатоци[18] но без систематски археолошки ископувања прашањето не може да се реши.

Христо **АНДОНОВСКИ**

# МЕГЛЕНСКО ВО АНТИЧКО ВРЕМЕ

За древната историја на Меглен, (античката Алмопија), сосема малку се знае од некои скудни и бегли описи на Тукидид, Птоломеј, Стефан Византиски и од некои други учени, описи кои не секогаш можат да се примат за точни. Тоа заради фактот што старите грчки историчари, кои најповеќе служат како извори за историјата на Македонија, имаа обичај да ги преименуваат, односно погрчуваат географските називи и личните имиња на другите народи и ги дотеруваат по грчки изговор, така денес е тешко да се дешифрираат вистинските имиња на личности или топоними[1].

Кон средината на минатиот (19) век, кога Балканот започнува да станува привлечна област за европските патеписци, од првите што ја посетиле оваа сосема малку извесна област се Хан, Барт и Делакулонш.

Како најстари жители на Областа, по грчките митолошки извори, се споменуваат Алмопите[2], кои подоцна биле притиснати од Античките Македонци, кои порано живееле во Западна Македонија околу Аргос Орестикон, словенското Рупишта. Се тврди дека Алмопите се повлекле на исток и се населиле во околината на планината Пангеон, близу градот Кавала. Тука во едно лозје пред повеќе години бил откриен исклесан на камен натпис посветен на божицата Алмопија[3]. Содржината на натписот на грчки атички дијалект гласи: „На божицата Алмопија лозјето двапати означено".

Се тврди, не со голема сигурност, дека во Мегл ен (Алмопија) во древноста постоеле и три големи града - Орма, некаде во близината на денешното село Тресино, Апсалос, до денешното село Драгоманци и Европос[4], чија местоположба учениот Маргарит Димица (охриѓанец) ја определува некаде во близина на денешното село Слатино, расположено до сливот на реките Белица, и Црна Река, додека пак други автори го лоцираат на десниот брег на река-та Вардар, јужно од Гевгелија. Некои други патеписци споменуваат и друг град Нотија, кој постоел на местото на денешното село Н´те. расположено на источната страна на планината Кожув.

Северозападно од денешното село Тресино (новото грчко Орма) во Западен Меглен, во долините меѓу реките Белица, Луда Река и Топлица и месностите „Елово", „Слатино", „Селце" и „Сиркови јавори", селаните велат дека и денес уште се зачувани развалини од стари населби и некрополи. Античкото име Орма, што во 1926 година му е дадено на македонското село Тресино, по моите скромни претпоставки било името на стариот град Орма, за кој се тврди дека бил расположен на споменатите погоре месности. Зборот Ормос на старогрчки значи пристаниште и од тоа можеме да претпоставиме дека старата населба на Алмопите - Орма била расположена покрај некакво поранешно езеро. Мислам дека не држи тврдењето на грчкиот археолог Анастасија Хрисостому, која се повикува на Делакулони, дека наводно името Орма произлегува од глаголот ормао, поради силата со која истечува водата во реката Белица. Во месноста „Скркот" меѓу селата Тресино и Пожарцко, како и во месноста „Големиот јавор" меѓу селата Цакони и Костурјани, од селаните биле откопани голем број гробови, што по димензиите на костурите не им припаѓале на современите жители од овој крај. Гробовите биле изработени од мермерни плочи или бел камен и долги повеќе од два метри. Рабовите на горната плоча-капакот биле издлабени на специјален начин за да се затвораат херметички со издлабините од боковите плочи. Овие наоди сведочат дека кај античките жители на Областа на голема висина била скулптурата. Особено интересирање будат и самите костури пронајдени во самите гробови. Черепите како и другите коски покажуваат, дека старите жители на Меглен (Алмопија) биле многу покрупни. Во еден гроб кај месноста „Скркот" била пронајдена и сабјата на покојникот, направена од железо, и една глинена стомна. Од време на време во истата месност се откопувани и глинени ќупови полни со просо.

И од современите грчки археолози уште не е обрнато посериозно внимание и на други локалитети во Областа како што се „Грамадите" близу до селото Страјшта (по грчки Неромилос). Овој локалитет кој зафаќа површина окулу еден километар во пречник, според споменатата Анастасија Хрисостому, се води како населба од римскиот период. И во „Грамадите" и кај Почепското кале биле ископани глинени ќумци, што најверојатно биле дел од аквадукт на старите населби што некогаш цутеле во стариот Меглен (Алмопија). Селаните во „Грамадите" често откривале и мермерни плочи, што биле употребувани во ѕидани нови постројки. На една таква плоча од локалитетот во Почеп биле исклесани три човечки глави.

Од голема археолошка вредност е калето кое е лоцирано на североисточната страна од селото Почеп. Ова кале има многу сличности со Калето во близина на селото Слатино. На горната страна од Почепското Кале и денес постои голем отвор, за кој се верува од селаните, дека наводно служел како излез од еден голем подземен канал, што некогаш ги соединувал двете калиња - Почепското и Слатинското. Несомнено, дека овие две калиња со својата стратешка доминантна положба служеле како одбрамбени позиции. Со Почепското кале, градено на планинскиот врв Маргарид, сврзана е и една тажна легенда создадена во времето на мрачното отоманско ропство.

Од сите досега пронајдени предмети во Меглен (Алмопија) се извлекува заклучок, дека на старите жители на Областа им бил познат грнчарскиот занает, тие биле одлични скулптори, им било познато строењето на градови, градење на аквадукти, дека од железото и други метали правеле оружје и други орудија итн. Но, за жал и до денес во областа Меглен не се направени посериозни зафати за истражување, освен од грчкиот археолог Анастасија Хрисостому, која во 1994 година во трудот „Arhea Almopia" дава еден преглед на досега извршените обиди за истражување на некои локалитети во Областа.

Од македонологот Маргарит Димица (по потекло од Охрид и современик на Прличев) се спомнуваат три натписи откриени во Меглен, без означување точното место каде биле откриени[5)].

Бидејќи споменатиот труд на Анастасија Хрисостому пред скоро време го виде светлото на публицитетот, буди извесен интерес и заслужува на него да се осврнеме малку поопширно[6)].

Според Хрисостому, името на Областа на древна Алмопија и името на населението што ја населувало во древноста - Алмопите, прв го соопштил Стефан Византиски во шестиот век од новата ера, базирајќи се на легендите за Областа и на еден фрагмент од уметничката творба „Александра" од елинистичкиот поет Ликофрон, каде се вели: „Алмопија земја на Македонија населена од Алмопите...". За името истиот автор вели дека Алмопија го добила името од џинот Алмопс или Алмопиос. Значи, според митот етничкото име Алмопс или Алмопија доаѓа од Алмопс син на богот Посејдон и Ели Атамандска. Според историчарите, во овој генеолошки мит се откриваат елементи за постоењето на племето Алмопи, населени тука во епохата на бакарот. Одамна е познато дека грчките учени на секој топоним или лично име во Македонија се трудат да му дадат грчко потекло. Така и за Алмопија и Алмопите велат дека нивното име произлегува од зборот Алма и опс, што според нив би требало да значи земја во која живеат Алмопите, џинови со развиен лик.

Според Тукидид (II.99,5) племето на Орестидите, односно античките Македонци, во својот поход за проширување на својата територија ги протерале Алмопите од Алмопија. Тоа станало околу шестиот век пред нашата ера.

Римскиот писател Плиниј во својата книга „Хисторија натуралис" (IV,35) го споменувал името Алмопија и еден од нејзините градови Европос, близу реката Ројдија, веројатно мислејќи на реката Лудија. Авторот треба да има мала заблуда бидејќи реката Лудија се вика дури на излезот од Мегленската област кај Еницевардарската рамнина, додека во Алмопија или словенскиот Меглен главна река е Мегленица. Со голема доза на горчина можеме да констатираме дека и Анастасија Хрисостому, споменувајќи ги реките во Меглен (Алмопија) им дава погрчени имиња, со јасна тенденција да се збрише сè што било словенско и носи словенски белези сè до наши дни. Така со чудење читаме кај Хрисостому сега Мегленица, која тоа име го носела со векови да се наречува Алмопеос, Белица како Аспропотамос итн.

Досега, како што соопштува Анастасија Хрисостому, од 1913 година наваму, кога Мегленската област попадна под грчка управа, повремено се нап-

равени само површински ископувања, повеќе заради регистрирање на археолошките локалитети во Областа. Прв од Грците кој ја посетил Алмопија бил Н. Пападакис, одговорен по археологија за Северна Грција, кој ги дава и првите информации за археолошките локалитети во Меглен. Нив ги споменуваат во свои трудови и Андониос Керамопулос, Пелеканидис, Ф. Пецас, Алики Стујанаки и уште некои други.

Постоење на организиран живот во областа се бележи од епохата на бакарот негде од 3000 - 1100 година од старата ера. Такви населби се локализирани кај селата Пожар, Рудино, Манастир и Привртенец во месноста „Врбени". Од средината на шестиот век од старата ера и Алмопија, подоцнешниот Меглен паѓа под власта на Античките Македонци, додека дел од старото население - како што споменавме и погоре, е протерано од областа. Во епохата на железото се откриени повеќе некрополи, лоцирани главно покрај патишта, како кај Привртенец (сега Неа Зои), на просторот меѓу селата Почеп и Драгоманци (Апсалос), Тресино (Орма) и меѓу селата Бериславци (сега Периклија) и Љумница. Во самите гробови се пронајдени глинени и камени садови, бакарни украси, малку златни и железни предмети. Интересно е да се одбележи дека археолошките наоди од Алмопија во грчката библиографија се наречени македонски бакари (подвлеченото е наше), веројатно како производи на месни работилници за бакар, кои датираат од 7 и 6 век пред новата ера.

По трагите на Французинот Делакулонш, кој античкиот град во Меглен Европос, го лоцира на местото на калето кај селото Слатино, тргнала и Гркинката Д. Евгениду, која во годините 1985-1987 извршила археолошки зафати во близина на гробницата на загинатите за време на Првата светска војна српски војници до Слатинското кале. Таа открила две цркви, римски споменици во близината на селото Слатино, македонски монети кои датираат од четвртиот и вториот век од старата ера. Значајно е да се спомене дека Евгениду открила и глинен идол на божицата Кибела, култ многу распространет, речиси, во цела Античка Македонија, а пренесен од исток.

Бројни матерјални наоди се откриени кај селото Страјшта (словенската месност „Грамадите") како што го викаат локалитетот месните Македонци. Повеќето од наодите се глинени, кои имаат и натписи на старогрчки јазик. Врз една надгробна плоча стои натписот со името на покојната Касандра Александру. Тука е откриен и мермерен столб од постелинистичкиот период со гравирани слики на една седната жена, двајца мажи кои стојат простум и едно девојче, која веројатно била слугинка. Помеѓу сликите се врежани имињата на покојниците: Лисимах Филатионос-ироес, Филитина Диодору.

Археолошките наоди од Меглен (Алмопија) сведочат дека и оваа област имала развиени трговски врски со Источна Македонија на исток, со Тесалија на југ дури и со Драч на запад. Анастасија Хрисостому истакнува во својот труд „Древна Алмопија", дека за разлика од другите области во Мегленската област не било забележано влијание на микенската култура.

Погоре споменавме дека кај Слатинското Кале, кое посебно е сврзано со името на Самоиловиот војсководач Илица, за кое ќе зборуваме во друга

прилика, откриен е идол на божицата Кибела. Нејзини идоли се откриени и при ископувањата во Пела и Едеса (Воден), што значи дека Кибела била многу почитувана божица меѓу македонските племиња. Археолозите зборуваат и за божица со името Алмопија. Божицата се споменува во еден натпис датиран од третиот век од новата ера, исклесан на карпа во месноста „Тритта“ на планината Пангеон. Според П. Колларт божицата Алмопија би требало да се идентификува со божицата Ма, чие име е откриено при ископувањата во Едеса (Воден). И оваа божица потекнува од Блискиот Исток. Се верува дека во римскиот период и порано на тлото на Македонија многу бил распостранет култот на жени божици, како Ма, мајката на боговите, Кибела, Атаргата, Алмопија, божицата Автохтоната и други.

Забележавме дека натписите откриени во Алмопија (Меглен) се пишувани на старогрчки јазик. Тоа произлегува од фактот што многу наоди со грчки натписи се импортирани од грчките центри од југот на Полуостровот, а потврдено е дека некои од грчките имиња што се спомнуваат, ѝ припаѓаат на месната аристократија, но не и на населението, што го сведочат и грчки класици, за разлика од егзалтираниот проф.археолог Пантермалис, кој не ретко ќе изјави: „насекаде откривам само Грција“.

Иако на еден многу вешт начин археологот Анастасија Хрисостому во својот труд (стр. 66), се обидува да се оправда, зошто бегло се осврнува на Слатинското Кале, познато од другите автори како Палеокастрон, тоа го направила свесно зашто инаку би требало да зборува за словенски Меглен, на кој францускиот учен Шлумбергер му посветува особено внимание.

Јасна е тенденцијата на повеќето грчки археолози и не само на археолози да лиферуваат литература која ќе зборува само за грчко присуство во Македонија и ништо повеќе. Забележливо е и тоа што на сите локалитети работат исклучиво Грци и никој странец, за да може да се манипулира со наодите според моменталните националистички потреби. Тоа се случи со островот Ахил, од каде ниеден словенски наод не го виде виделото на денот, тоа го направија и Евгениду и А. Хрисостому во стариот Меглен и други, кои за таа цел и биле платени.

**Коста АЦИЕВСКИ**

# МАРИОВО И МЕГЛЕН ВО СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ИЗВОРИ (ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК)

Мариово и Меглен во средниот век претстставувале населби и како такви се евидентирани во современите извори.Меѓутоа, општо земено, за нив има релативно малку податоци во средновековните извори. Тоа посебно се однесува на Мариово кое се наоѓало понастрана од главните комуникации, а со тоа и од главните историски збиднувања на овие простори. Поради тоа, успеавме да регистрираме само две споменувања на Мариово во современите средновековни извори, што ни беа на располагање. Од друга страна, Меглен, се чини, имал многу поактивна улога во историските збиднувања. Тоа посебно се однесува на црковните збиднувања, зошто уште од времето на Самуиловото царство, а можеби и пред тоа, па сѐ до крајот на 14 век, а и потоа, тој бил епископско седиште. Соодветно на тоа, располагаме со многу побогат и пиразновиден изворен материјал каде што е регистрирано неговото име.

Првите споменувања на Меглен и Мариово во изворите, што е мошне интересно, датираат од исто време - втората деценија на 11 век.

Меглен прв пат се споменува во 1015 година во "Кратката историја" (Σύνοψις ἱστοριῶν), што кон крајот на 11 век ја напишал **Јован Скилица,** најважниот извор за историјата на Самуиловото царство. Имено, како што известува Скилица, византискиот цар Василиј II пролетта 1015 година превзел широка офанзива против Самуиловото царство и притоа ги испратил своите војсководачи Никифор Ксифија и Константин Диоген "ἐν τῇ χώρᾳ τῶν Μωγλένων". Византијците ја опљачкале областа и го опседнале градот каде што малку подоцна пристигнал и самиот Василиј II. Притоа, го свртеле течението на реката што течела низ градот, ги поткопале темелите на градските зидини и откако го срушиле зидот ги принудиле бранителите да се предадат заедно со тврдината. Тука биле заробени многу великодостојници меѓу кои се наоѓал и "Ἠλίτζης ὁ ἄρχων Μογλένων".

**Првата грамота** што византискиот цар Василиј II во 1019 година ѝ го дал на Охридската архиепископија е значајна не само поради тоа што во неа

повторно се споменува Меглен, односно епископот на Меглен, туку и поради тоа што во неа за прв пат се споменува Мариово. Имено, епископот на Меглен (τὸν ἐπίσκοπον Μογλαίνων), според оваа грамота, имал во самиот Меглен (εἰς αὐτάτά Μόγλαινα), во Просек, во Сетина, во Острово, во Заодрија "καὶ τὴν Μορίχοβαν", (и во Мариово), 15 клирици и 15 парици.

Меглен се споменува и во **Втората грамота** на Василиј II од 1020 година. Таму се наведува дека по смртта на царот Петар седиштето на архиепископијата, односно, архиепископите преминувале од едно место во друго и притоа, како едно од местата каде што времено се наоѓало седиштето на архиепископијата се наведува и Меглен (ἐν τοῖς Μογλαίνοίς).

Меглен, односно megленската епископија се наведува и во два **епархиски списоци** од времето на Алексиј I Комнин. Во првиот список меѓу епископиите потчинети на престолот на Охридската архиепископија се наведува и "τά Μόγλαινα" (Меглен, односно, мегленската епископија), додека во вториот список во редот на престолите на Јустинијана Прва, меѓу другите, на шесто место се наведува и епископот на Едеса или Меглен (ὁΕδέσσης ἤτοι Μογλένων).

Познатата византиска писателка **Ана Комнина** во својата "Алексијада" двапати го споменува Меглен. Првиот пат во врска со норманското освојување на градот во 1082 година, кога Боемунд Тарентски од Бер преку Воден дошол во Меглен (τὰ Μόγλενα), каде што ја обновил од порано разрушената тврдина и оставил јак гарнизон на чело со грофот Сарацин. Вториот пат во врска со неговото повторно освојување од страна на Византија. Имено, малку подоцна кога Боемунд од Бели Цркви заминал кон Костур, византискиот војсководач, великиот доместик Григориј Пакуријан го освоил Меглен (τὰΜόγλενα), го убил Сарацин и ја разурнал тврдината.

Многу значајни извори за историјата на Меглен во 11 и 12 век претставуваат **Актите** на светогорскиот манастир **Лавра** (Св. Атанасиј). Меглен, Мегленско, мегленската тема, практори на Меглен и епископот на Меглен се наведуваат повеќе пати во шест акти на манастирот Лавра и тоа:

1. Во хрисовуљата на императорот Алексиј I Комнин од мај 1086 година. Со неа на Лав Кефала, проедрос и катепан на Абидос и бранител на Лариса од нападите на Боемунд Тарентски, му се потврдува дарувањето на селото Хостиани, што се наоѓало "ἐν τῷ θέματι τῶν Μογλέν(ων)".

2. Во актот на истиот император од октомври 1089 година, меѓу имотите што Лав Кефала им ги оставил на своите деца, се наведува и селото Хостиани, што се наоѓало во мегленската тема ( ἐν τῷ θέματι τῶν Μογλενῶν ).

3. Во донаторскиот акт на Никифор Кефала од септември 1115 година. Со него Никифор Кефала му подарува на манастирот Лавра два свои имоти, од кои едниот бил Хостиани во Меглен (ἐν τοῖς Μογλήνοις ἤτοι Χώστιανες).

4. Во практикот на Андроник Ватац од август 1181 година.Имено, извршувајќи една наредба на Алексиј II Комнин Андроник Ватац протерал од селото Хостиани стратиоти Кумани, што таму своеволно се настаниле, и му ги вратил на манастирот Лавра париците што биле задржани од Куманите. При-

тоа, повеќе пати се наведува мегленската тема, односно, селото Хостиани кое се наоѓало "ἐν τῷ θέματι Μογλένων ".

5. Во простагмата на императорот Андроник I Комнин од февруари 1184 годин. Простагмата била издадена како одговор на жалбата на монасите на Лавра на Куманите, што биле населени во Мегленската област (οἱ ἐν τοῖς Μογλένοις οἰκοῦντες Κόμανοι). Имено, Куманите ги напасувале своите стада на пасиштата на Лавра, а не сакале да му го платат на манастирот десетокот.Царот им наредил на практорите на Моглен (πράκτορσι Μογλένων) да ги натераат Куманите да ги исполнат обврските кон манастирот. Во простагмата натаму се истакнува дека манастирските Власи, кога се спуштале од планината имале право непречено и без плаќање на давачки да ја напасуваат својата стока во пределите на темата Моглен (τοῦ θέματος Μογλένων), а практорите, стратиотите и чиновниците на темата, како и Куманите не смееле во тоа да ги попречуваат.

6. Во актот на царот Алексиј III Ангел од октомври 1196 година.Според овој акт манастирот Лавра во темата на Верија и Моглен поседувал земја, што ја дал под закуп на некои стратиоти од темата Моглен (τῶν στρατιωτῶν τοῦ θέματος Μογλένων) и на париците на мегленскиот епископ (τοῦς παροίκους τοῦ ἐπισκόπου Μογλένων). Меѓутоа, некои од нив не му го плаќале на манастирот десетокот. Поради тоа царот им наредува на чиновниците на мегленската тема (τοῖς ἐνεργοῦσιν ἔν τῷ θέματι Μογλένων) да ги земат во заштита правата на манастирот Лавра.

Меглен се споменува и во познатата **хрисовуља** на **Алексиј III Ангел** од 1198 година. Со овој документ на венецијанските трговци им се даваат широки привилегии за трговија на територијата наВизантиското царство.Притоа, меѓу византиските теми(провинции) се наведува и Provintia Prilapi et Pelagoniae ac Moliscij, nec non et **Mogreno.**

Византискиот историчар **Јован Зонара** ( I половина на 12 век) во својата опширна **хроника** (Ἐπιτομὴ ἱστοριῶν), што ги опфаќа настаните од создавањето на светот до 1118 година, соопштува дека императорот Алексиј I Комнин преселил(по битката кај Лебунион) во "τῶν Μογλένων θέμα" Печенези заедно со жените и децата, и од нив формирал посебен воен одред. Тие таму останале да живеат и до негово време и според местото каде што биле неселени се нарекувале Печенези Мегленци (Πατζινάκοι Μογλενῖται).

Од втората половина на 12 век датира **житието** на епископот **Иларион Мегленски.** Житието е зачувано во една подоцнешна редакција составена од трновскиот патријарх Евтимиј (1375-1393), врз основа на постар оригинал што го напишал непознат современик и ученик на Иларион. Околу 1134 година Иларион бил испратен во Мегленската област да се бори против еретиците. Таму тој дејствувал долги години и, како што произлегува од житието, доверената задача ја извршил со голем успех. Според житието Иларион бил ракоположен за"епископ Могленоу", а во житието се споменуваат и жителите на Меглен, Мегленчаните ("Могленѣнωмї).

Во **Маркијановиот кодекс 524,** познат и како Венецијански кодекс, кој содржи творби од познати и непознати автори од 12 и почетокот на 13 век се споменува и мегленската црква ( τῆς μονῆ τῶν Μογλένων).

Меглен се наведува и во познатиот Договор за поделба на териториите на Византиското царство, што во март 1204 година пред ѕидините на Цариград го склучиле Венецијанците и крстоносците од Четвртиот крстоносен поход, познат како Partitio terrarum Imperii Romaniae или скратено **Partitio Romaniae.** Имено, во делот од Договорот каде што се набројуваат териториите што требало да им припаднат на крстоносците, насловен како Pars secunda Peregrinorum, се наведува и Provintia Molisku et **Moglenon.**

Во првата половина на 13 век епископот на Меглен, чие име не се наведува, се споменува во два документа од познатата збирка на охридскиот архиепископ **Димитриј Хоматијан** и тоа: во документот No.138 (ἐπισκόπου Μογλένων) и No.146 ( ὁἱερώτατος ἐπίσκοπος Μογλένων).

Градот Меглен се споменува и во еден **Пролог** на Св.Иларион Мегленски, кој се датира во 13 век, а има и подоцнешни датирања. Тоа е всушност краток помен за пренесувањето на моштите на Св. Иларион Мегленски од Меглен во Трново, што го извршил царот Калојан, кој дошол, како што стои во изворот, "в градѣ Мегленскомьє.

Во првата половина на 14 век **Ефрем,** врз основа на постари автори (Зонара, Хонијат, Акрополит ), напишал **хроника** во стихови во која ги опишува настаните до 1261 година.Во својот труд тој исто така известува за населувањето на Печенези од страна на Алексиј I Комнин "ἐν Μογλένων"(во Мегленско) кои се нарекувале Мегленопеченези (Μογλενοπατζινάκαι).

Во едно **писмо** на охридскиот архиепископ **Григориј**, кој живеел во времето на царевите Андроник II и Андроник III (умрел во 1332 година), се споменува "Μογλαίνων ἐπίσκοπος" чие име не се наведува.

Во првата книга од монументалниот историски труд со мемоарски карактер, што во седумдесетите години на 14 век го напишал **Јован Кантакузин,** се опишува граѓанската војна помеѓу царевите Андроник II и неговиот внук Андроник III Палеолог, што траела од 1321 до 1328 година. Притоа, три пати се споменува "τῶν Μογλαίνων ἐπίσκοπος Νίφων". Мегленскиот епископ Нифон, имено, бил член на едно пратеништво, што во почетокот на септември 1327 година царот Андроник II го испратил кај својот внук во Селемврија. Целта на пратеништвото била да го спречи доаѓањето на Андроник III во престолнината затоа што го прекршил претходниот договор и ја погазил дадената заклетва. За ова пратеништво известува и Григора, меѓутоа не ги наведува неговите членови.

Второто споменување на Мариово во средновековните извори датира од средината на 14 век. Станува збор за **повелбата** на српскиот цар **Стефан Урош** од 1357 година. Со повелбата, на вдовицата на кесарот Прељуб, кесарицата Ирина и на нејзиниот син Тома Урош им ја потврдува баштината на починатиот кесар Прељуб. Притоа, меѓу имотите што влегувале во составот на баштината на Прељуб, што требало да ги добијат кесарицата Ирина и неј-

зиниот син Тома, се наведува "И Морићовоу всоу и сь планиномь, сь меѓами и сь вьсѣми правинами како ю ксть дрьжаль кесарь Прѣлюбь оу вокводствѣ до збора".

Ова споменување на Мариово е многу важно. Имено, тоа говори, односно, потврдува дека населбата, иако не е евидентирана во изворите во претходните векови, сепак континуирано егзистирала уште од нејзиното прво споменување во втората деценија на 11 век.



*Панорама од Мегленско с. Бизово*

Милан БОШКОСКИ

# ПРИЛОГ КОН ИСТОРИЈАТА НА МЕГЛЕН ВО XI И XII ВЕК

Во почетокот на XI век градот-тврдина Меглен се наоѓал во рамките на Македонското Царство. Неговото прво споменување на почетокот на XI век е поврзано со плановите на византискиот цар Василие II (976-1025) и синот на Арон и иден цар Јован Владислав(1015-1018) за ликвидирање на македонскиот цар Гаврил Радомир (1014-1015). По успешната воена офанзива, во почетокот на пролетта 1015 година и повторното освојување на Воден, чии граѓани му откажале послушност, па затоа биле раселени, византискиот цар се вратил во Солун. Таму добил писмо од Гаврил Радомир во кое овој му ветил послушност.[1] Византискиот цар писмото го примил со голема недоверба и не само што не ја прифатил понудата, туку веднаш започнал со воени операции. Војсководците Никифор Ксифијас и Константин Диоген по наредба на царот со голема војска се упатиле кон областа на Меглен (ἐν τῇ χώρα τῶν Μογλένων). Откако ја опустошиле областа и го опседнале градот, а веројатно не постигнале некој видлив резултат, поради силниот отпор и единството на бранителите под командата на управителот на градот Илица, кој бил близок на македонскиот цар Гацрил Радомир, пристигнал и византискиот цар. Под ѕидините бил изработен новиот план за освојување на градот. Василиј II наредил да се промени текот на реката Меглeница, која поминувала крај градот (πόλιν) и откога ги поткопал темелите на утврдувањето, во ископите нафрлил дрва и други лесно запаливи материи и ги запалил. Кога материјалот изгорел тврдината на тоа место се срушила, со што се овозможил брз продор на напаѓачите.[2] Кога тоа го виделе бранителите на градот, со лелеци и молби за поштедување на нивниот живот го предале утврдувањето. Меѓу другите, биле заробени Дометијан Кавхан, великодостојник и советник на Гаврил Радомир, управителот на градот Илица и многу други велможи, како и голем број на војници.[3] Византискиот цар сурово им се одмаздил на граѓаните на Меглен. Военоспособните граѓани наредил да бидат раселени во Аспраканија (εἰς 'Ασπρακανίαν) Малоазиска област во соседство на Ерменија,[4] обичниот народ и воено неспособните биле подложени на ограбување од византиската војска, додека утврдувањето наре-

дил да биде опожарено и разрушено. По овој чин, Византијците освоиле уште едно помало утврдување во непосредна близина на Меглен по име Енотија.[5)] Паѓањето на Меглен и областа под византиска власт негативно влијаеле врз одбраната на централните делови на Македонското Царство, додека значително ја подобрило византиската позиција.

Понататамошното егзистирање на градот Меглен не е доведено во прашање, но од изворите е евидентно дека градот долго време останал без солидно утврдување. Утврдувањето било обновено дури во осумдесеттите години на XI век, но повторно било разрушено. Имено, во летото 1081 година Норманите од Јужна Италија се истовариле кај Валона на Балканскиот Полуостров. Обидот на византискиот цар Алексиј I Комнин (1081-1118) да им се спротистави на Норманите и да го спаси градот Драч од нивната опсада во текот на месец октомври 1081 година, завршил со неуспех. Во текот на зимата 1082 гидина Драч паднал под норманската власт, а поголемиот дел на Албанија ја признал нивната власт. Во текот на пролетта 1082 година Норманите ги продолжиле воените операции кон Југозападна Македонија (опсадата на Костур) и Епир (опсадата на Јанина). Пред градот Јанина Византијците предводени од царот, повторо претрпеле пораз. По извршената реорганизација на војската, Алексиј I Комнин се обидел кај Арта да ги разбие Норманите предводени од Боемунд Тарентски, но и таму претрпел пораз.[6)] Неуспесите на Византијците резултирале со брзо паѓање на повеќе градови од Западна Македонија под Норманската власт. Кон крајот на есента 1082. и почетокот на зимата 1083. година, Норманите го освоиле Скопје и двата Полога (Горни и Долни). Граѓаните на Охрид веднаш го повикале Боемунд и му го предале градот, но охридската тврдина не била освоена, бидејќи византискиот војсководач Ариебиј успешно ја бранел. Непостигнувајќи некој позначителен успех, Боемунд Тарентски го напуштил Охрид и движејќи се долж Виа Егнатиа се упатил кон Југозападна Македонија. Се обидел да го освои Острово,[7)] но, откако во тоа не успеал, поминал низ Соск[8)] и Сервија[9)] и стигнал до Верија. Но, кога и таму не постигнал успех, преку Воден стигнал пред Меглен. Градот брзо го освоил од една едноствана причина што тој не бил утврден.[10)] Увидувајќи го извонредното стратегиско значење на Меглен во понатамошните воени операции, норманскиот водач Боемунд Тарентски најнапред ја обновил разрушената тврдина, а потоа во градот оставил силен воен гарнизон под команда на грофот Сарацин.[11)] Обновувањето на тврдината било незамисливо без ангажирање на жителите на градот кои биле по се изгледа пронормански наклонети, од едноставна причина што Норманите ниту имале доволно луѓе за такви активности, ниту пак можеле да го сторат без помош на граѓаните на Меглен и неговата непосредна околина. Напуштајќи го вака обезбедениот град, Боемунд се упатил во Бели Цркви каде ја поминал зимата 1082/1083 година.

Кон крајот на зимата или почетокот на пролетта 1083. година норманскиот водач ги напуштил Бели Цркви и се упатил во понатамошен освојувачки поход кон Јужна Македонија во конкретниов случај се упатил кон Костур. Неговото брзо свртување на југ со главнината на норманската војска вешто го

искористиле Византијците. Големиот доместик Глигориј Пакуријан кој зимата ја поминал во Солун, штом дознал за движењето на Боемунд на југ, со брз маневар се упатил кон Меглен и го нападнал градот. Византијците успеале доста брзо да го разбијат норманскиот гарнизон во градот. Грофот Сарацин бил убиен, а тврдината на градот повторно била изложена на разурнување.[12)] На овој успешен византиски контранапад Боемунд реагирал брзо. Испратил оклопни одреди кои ја освоиле Пелагонија, но за понатамошната судбина на Меглен ништо не е кажано.

Третиот значаен податок за Меглен и неговата околина се однесува на последната деценија на XI век. Имено, по брилијантната победа на византиско-куманската војска, предводена од византискиот цар Алексиј I Комнин над Печенезите, најопасните византиски непријатели после норманското повлекување од Балканот, на 29 април 1091. година кај Левунион, Ана Комнина, ќерката на Алексиј I во делото Алексијада ќе констатира: „Цел еден народ кој броел миријади, уништен е за еден ден“. Според нејзиното непрецизно известување, многубројните заробени Печенези биле населени на државните поседи низ Империјата.[13)] Според известувањето на хроничарот Јован Зонора, по битката кај Левунион, византискиот цар од заробениците одбрал млади и силни Печенези и заедно со нивните семејства ги населил на државната земја во темата Меглен. Од населениците, според истиот извор, царот формирал специјален воен одред кој долго време извршувал воена служба во корист на Царството.[14)] Пишувачот на Хронографијата во стихови од XIII век Ефраим, исто така соопштува дека дел од заробениците Печенези кај Левунион во 1091. година биле населени во Македонија, односно во Мегленската област и истите се уште постоеле во неговото време. Зборувајќи за овој настан, тој ќе рече вака: „А царот од Скитите избирајќи, млади храбри и борбени, нив ги населил во Мегленските села, и ги повикал да создадат воена населба, и до сега од местото Меглен, сите се нарекуваат Мегленски Печенези“.[15)]

Населувањето на Печенезите во околината на Меглен по се изгледа не е случајно. Византискиот цар Василиј II кој војувал против македонскиот цар Гаврил Радомир, во пролетта 1015. година и го освоил градот, поради жестокиот отпор кој го пружиле граѓаните на Меглен биле раселени и растерани. И покрај тоа што Меглен според повелбата на Василиј II доделена во 1019. година на Охридската Архиепископија[16)] бил седиште на епископија, а подоцна по норманското завземање и повторна византиска реокупација, градот и областа по се изгледа останале долго време слабо населени. Од друга страна, ценејќи го военостратегиското значење на градот кој се наоѓал на магистралниот Егнатијски пат, а во намера да насели верни на Царството поданици, би требало да бидат одлучувачки фактор на царот Алексиј I, во оваа област да ги насели заробените Печенези. Со нивното населување и вообичаениот чин на покрстување, византискиот цар го обезбедил ова стратегиско место со сигурни поданици и храбри војници. Населувањето има пред се воено-економска функција, но не треба да се занемари и фактот дека Византија со населувањето на овие племи-

ња од турската група на народи, настојувала да го разбие словенскиот етнос кој се покажал нелојален, а со тоа се продолжувала политиката на елинизација.

За активностите на населените Печенези во Македонија, за кои не е кажано од која област потекнуваат, па според тоа може да се однесува со голема веројатност и за Мегленските Печенези, дознаваме набрзо за време на поминувањето на крстоносците од Првиот крстоносен поход во 1096/97. година низ Македонија. Печенезите покрај Узите и Куманите, биле вклучени во специјални воени единици кои вршеле обезбедување на Виа Егнатија и заштита на населението од евентуални напади на крстоносците. Во западните извори имаме чести податоци дека крстоносците движејќи се долж споменатиот магистрален пат, имале чести судири со Печенезите. Според неколку западни извори, во 1097. година Печенезите кои извршувале специјалн задачи во византиската служба, нападнале една крстоносна воена единица на норманскиот кнез Боемунд, кога тие ја преминувале реката Вардар.[17] Крстоносната војска предводена од Рајмунд Тулуски била напаѓана од Печенези, Узи и Кумани на нивното поминување низ Македонија. Движејќи се долж Виа Егнатиа од Албанија кон Македонија, според известувањето на Роберт д Агелиер, како и други подоцнежни западни извори, крстоносците биле напаѓани покрај другите и од „Comani... Husi et Pincenati".[18] Кога оваа крстоносна војска стигнала во Пелагонија каде крстоносците поставиле логор, според веќе споменатиот западен автор, Подијскиот епископ Адемар бил нападнат и ранет од Печенезите во служба на византискиот цар.[19] Откога го подигнале логорот во Пелагонија, крстоносците продолжиле долж Виа Егнатиа на исток. Набрзо повотрно дошло до судир на крстоносците со Печенезите кои биле во византиска воена служба.[20]

Податоците од втората половина на XII век укажуваат дека населените Кумани и Печенези во Македонија особено во Могленската област се занимавале со земјоделие и сточарство. Некои од нив толку многу се збогатиле и постанале влијателни, што веќе во втората половина на XII век, со ширењето на системот пронија во Византија, многу брзо се пробиле во редовите на истакнати византиски пронијари.[21] Овој факт е потврден во некои повелби од осумдесеттите години на XII век. Имено, актот на вестијарот Андроник Ватац од август 1181. година, чиновник надлежен за примопредавање на кумански пронии во темата Меглен се состои од две прстагми на царот Алексиј II Комнин (1180-1183) и двете издадени во краток временски период, од април 1181. година и практик од август истата година, со кој Андроник Ватац ја спроведува наредбата на царот.[22] Од првата простагма дознаваме дека монасите на Св. Анастасиј му се жалеле на царот за тоа дека чиновниците кои вршеле предавање на куманските пронии (τῶν κομανικῶν προνιῶν προνοιῶν ἐν τῶ θέματι Μογλένων) во могленската тема, во селото Хостијани[23] (селото било во состав на имотите на семејството на Лав Кефала, но покасно преминале во сопственост на Лавра) им предавале на Куманите поголем број на парици населени во тоа село.[24] По повод жалбите на монасите, царот му наредил на вестијарот А. Ватац, вршител на предавањето куманските пронии во темата Меглен, лично да го испита спорот. По извршениот увид, решено било спорните парици да преми-

нат во сопственост на Лавра. Дотогаш правото на користење и поседување им останува доживотно на Куманите, но (μετὰ θάνατον τῶν) ќе им припаднат на Лавра на користење и нивно сопственништво.[25)]

Монасите очигледно биле незадоволни со одлуката, па затоа царот Алексиј II издал друга простагма која се наоѓа во актот на Андроник Ватац, со која првобитната одлука се суспендира и се менува во корист на Лавра. Со новата простагма царот му наредува на А. Ватац, вршителот на предавањето куманските пронии во Мегленската тема, со правото на сопственост на манастирот да му го предаде и правото на сопственост на спорните 62 парици.[26)] Бидејќи византиската воена сила во овој период се потпирала исклучиво на пронијарите, византискиот цар не ги заборавил ни интересите на своите пронијари Кумани. Тој наредил на Куманите кои ги држеле во пронија спорните парици, да им се дадат други парици населени во селата кои и припаѓаат на државата.Задоволувајќи ја жалбата и молбата на монасите, царот наредил од земјата која му припаѓала на манастирот да се отстранат сите кумански куќи и бачила (πάσας τὰς κομανικὰς οἰκίας καὶ τὰς κομανικὰς κατούνας).[27)] Во продолжението на актот, вестијарот А. Ватац се наоѓа и практикот кој тој (вестијарот) го составил и ѝ го врачил на Лаврата на Св. Аанасиј, во август 1181. година. Со практикот е извршена наредбата на царот, а на Лаврата и биле предадени спорните парици. За нас е многу важно што во споменатиот практик се наоѓаат и имињата на 16 пронијари, кои вестијарот ги нашол населени во селото Хостијани. Поголемиот број од нивните имиња се идентификувани, а тројца од нив се по потекло Кумани, односно тоа се заклучува по презимињата кои го носат етнонимот Куман. Се разбира, станува збор за покрстени Кумани.[28)]

Некои од населените Кумани во мегленската област, а кои биле пронијари и имале голем број на стада, така се осилиле што не го почитувале правото што на имотите го имале Лаврините манастири. Така во простагмата од 1184. година, која византискиот цар Андроник I Комнин (1183-1185) му ја издал на Лавра т.е. на манастирот Св. Анастасиј, наведени се повеќе жалби во врска со Куманите во Мегленско. Имено „οἱ ἐν τοῖς Μογλένοις οἰκοῦντες Κόμανοι“ ги истерувале своите стада на планинските пасишта на планината „τα Παζούχια“ Кожув, а не сакале да му платат на манастирот десетток за испашата на својата стока.[29)] Царот им наложил на практорите на темата Меглен да ги натераат Куманите да му ги платат на манастирот Св. Анастасиј сите давачки. Месните жители, кои Куманите ги зеле под својата заштита како да се нивни, исто така биле принудени да ги измират своите обврски кон манастирот. Утврдена е и санкција, доколку Куманите и понатаму ги одбиваат предвидените обврски и доколку ги штитат мештаните и тие да не плаќаат на манастирот, во тој случај ќе мораат да се оддалечат од манастирот макар и со сила.[30)] Моќните Кумани ги спречувале манастирските Власи да ги напасуваат своите стада во околината на Меглен. Со простагмата, царот одредил дека манастирските Власи[31)] кога ќе се спуштаат од планината да имаат право да ги напасуваат своите стада во околината на Меглен, но без никакви давачки, додека пак практорите, стратиотите и чиновниците како и Куманите, не смеат да ги спречуваат.[32)]На крајот

од простагмата се зборува за уште еден судир на интересите на пронијарите Кумани и Лавра околу парици.[33] Имено, на територијата на Лавринито село Хостијани во темата Меглен, се наоѓал манастирот Св. Јован Продром. Надвор од манастирот седеле „δουλευταί τίνες“ кои според практикот не му биле предадени како негови. Жалбата се засновувала на тоа што чиновникот кој го вршел примопредавањето во темата Меглен, двајцата од нив ги предал во пронија на Куманите[34] Царот наложил спорните луѓе според практикот да му се вратат на манастирот Св. Јован Продром, кој бил потчинет на Лавра.[35] Интересите на Куманите и овој пат не биле запоставени. Наместо спорните (δουλε–ταί) кои му биле вратени на манастирот, Андроник I Комнин наредил пракforите на Куманите да им предадат други парици.[36]

Тоа што населените Печенези во времето на Алексиј I Комнин во околината на Меглен не се споменуваат во овие акти, не мора да значи дека во осумдесеттите години на XII век се изгубиле. Според мислењето на И. Дујчев, народното име на Печенезите понекогаш било заборавено и тие едноставно се нарекувале со името Кумани.[37]

# НОВИ СОГЛЕДБИ ЗА МАРИОВСКО - ПРИЛЕПСКАТА БУНА ОД 1564/65 ГОДИНА

Времето на долготрајното, безмалку полувековното владеење на султанот Сулејман Законодавецот, претставува пресвртница во животот на грамадната државна творба што ја беа создале Турците - Османлии. Достигајќи го својот зенит во првите децении на Сулејмановото владеење, кое започнало во 1520 година, Турското царство навлегло во длабока криза уште пред крајот на неговиот живот, кој завршил во 1566 година. Тоа е токму времето кога избувнала Мариовско-прилепската буна, како еден од видливите знаци на таа криза. Причините за кризата се добро познати, па овде посебно би се задржале на она што би можело да биде најдиректен предизвик за незадоволството на мариовчаните и прилепчаните, кое во 1564/65 година ескалирало во отворен бунт.

Градено врз основа на народната традиција, во литературата е присутно становиштето дека Мариово „во турското царство уште од почетокот здобило, а потоа низ векови сочувало и една посебна социјално-економска па и политичка положба, сосема поинаква од околните области". Имено „станувајќи „султаниско", се здобило со своја целосна народна христијанска самоуправа, без никакво мешање на турските власти во вкупните внатрешни односи на оваа област". Тогаш во Мариово настапило „т.н. „земско време", доба на земска автономија, кога со областите управувале „земски кметови", наследни домашни господари..." и т.н. и на тоа слично[1]). Па кога управителот на хасот се обидел од прилепчаните и мариовците да наплатува казни спротивно на законските одредби што биле на сила во државата, тие се побуниле. Тоа всушност бил непосреден повод за Мариовско-прилепската буна од 1564/65 година[2]).

Веднаш да кажеме дека ваквото становиште нема сериозна поткрепа во пишаните извори и не може да опстане дури ни како претпоставка. Напротив, целокупната турска архивска документација и неспорните научни сознанија говорат дека никаде во Македонија под турската власт, па ни во Мариовскиот крај, не била сочувана ни воведена никаква земска автономија или слично. Сепак, не може да се оспорува дека народната традиција, по правило, има ис-

ториска подлога, дека во себе крие историска вистина врз која се надоградувале народните мечтаења, тежненија, желби и слично. Таков е, секако, и случајот со споменатава народна традиција на мариовчаните. Историска вистина е дека во првите векови на турското владеење Мариово претставувало хас на султанот или на некој од турските високодостојници[3]. Хасовите биле најкрупни феудални имоти во државата, со пошироки права на нивните уживатели отколку правата на ситните феудалци, спахиите. Тоа овозможувало и малку поподносливи животни услови за рајата што живеела на хасовите, пред сè поради помалите можности за мешање на надворешните фактори во нивното секојдневие, а посебно од насилијата и злоупотребите на разни силници. Ете тој статус на раја вклучена во хас на еден единствен господар овозможил кај наредните генерации, кои живееле под многу потешки економски и политички услови да се всади традицијата за благосостојба и широки правдини во т.н. „султаниско", „земско време", иако правната положба на рајата на хасовите и на другите феудални имоти не се разликувала.

Нема сомневање дека кризата на класичниот феудален систем довела до значително влошување на положбата на целата раја во Царството. Во тој поглед ситуацијата во пасивниот Мариовски крај не била ништо подобра. Напротив, може да се говори за крајно тешка економска положба на неговите жители токму во средината на XVI век, што можело да биде една од основните причини за јавно искажаното незадоволство и побуната. Додека при пописот на Мариовската нахија од 1544/45 година во нејзините 26 населби живееле вкупно 969 христијански семејства, 109 неженети (самци) и 8 вдовици, или приближно окулу 5000 лица, до 1569 година нивниот број спаднал на 577 семејства, 434 неженети и 9 вдовици, или на приближно 3400 лица[4]. Незначителен демографски развој во овој временски интервал забележале само селата Витолишта, Дуње, како и Трново, кое пред тоа било пусто, ненаселено. Ова опаѓање на бројот на населението во Мариово, како впрочем и во целата Прилепска област, започнало уште во претходниот период, што само по себе достатно говори за состојбите во целиот регион[5]. Кон ова треба да се придодаде и фактот што спротивно на вака неповолното демографско движење, феудалните давачки бележеле значителен пораст. Додека во 1544/45 година вкупните феудални давачки од производството на мариовското население изнесувале 49.775 акчиња, до 1569 година нивниот износ се покачил на 77.537 акчиња! Дури и под претпоставка за зголемена ефикасност на производството, што е малку за верување, особено во толку кус временски интервал, очигледно е дека товарот на феудалната експлоатација драстично се зголемил: од 10 акчиња давачки по жител во 1544/45 година, на 22 акчиња во 1569 година. Само по себе предизвикува интерес, а можеби крие барем дел од одговорот на прашањето за причините што довеле до бунтовното расположение, да се дознае зошто дошло до толку големо намалување на мариовското население, дали и каде се раселило, разбегало и слично. Една од причините за демографскиот колапс можела да биде миграцијата село - град, па да погледнеме какви демографски движења и промени во тоа време се случувале во самиот град Прилеп, како центар на

поширокатa област (каза), но и како арена на најмаркантните збиднувања во склоп на Мариовско-прилепската буна.

Во 1544/45 година градот Прилеп имал: 189 муслимански семејства, 15 неженети муслимани, 492 христијански семејства, 2 неоженети христијани и 16 вдовици - христијанки, односно околу 960 муслимани и околу 2500 христијани, или вкупно близу 3500 жители[6]. Во 1569 година, пак, состојбата е малку поинаква: 329 муслимански семејства и 12 чифлизи во раце на муслиманите, како и 326 христијански семејства, 134 неженети христијани, 2 вдовици - христијанки и 62 баштини во рацете на христијаните, односно околу 1650 муслимани и околу 1770 христијани, или вкупно околу 3420 жители[7]. Значи, јасна е стагнацијата во бројот на жителите на градот Прилеп, со една значајка: енормно зголемување на муслиманскиот и скоро идентично намалување на христијанскиот елемент. Ваквото демографско движење во градот, за разлика од она во мариовските села, има многу јасна, неспорна причина: во 1544/45 година во Прилеп биле регистрирани 48 лица со епитетот Абдулах (син божји) наместо татковото име. Епитетот најчесто укажува дека е во прашање конвертит, т.е. нов муслиман. Со него се одбегнувало спомнувањето на христијанското име на таткото. До 1569 година бројот на таквите лица се покачил на 119, што ќе рече дека во првиот случај на секои 4 муслимани се паѓал по еден новоисламизиран, додека во вториот случај на помалку од три муслимани доаѓал по еден новоисламизиран. Ова покажува дека покачувањето на бројот на муслиманите во најголем процент се должело на исламизацијата на гратското христијанско население, чиј број, токму поради тоа бележел речиси еднакво пропорционално намалување. Навистина, исламизацијата во Прилеп била присутна и во претходните периоди, но никогаш не била толку интензивна. Се чини основано да се помисли дека и тоа предизвикувало засилен отпор кај христијанското население, кој во еден момент кулминирал во судир со муслиманите пред градската судница во 1565 година.

Кога веќе сме кај исламизацијата, да се вратиме и на мариовските села, кај кои во тој поглед се јавуваат неколку мали, но се чини многу симптоматични детали. Најстара појава на муслимани во Мариовскиот крај е регистрирана во с. **Градешница.** Почнувајќи од 1519 година, а можеби и малку порано, во селото постојано, заклучно со последниот попис со кој располагаме, живееле две муслимански семејства, од кои едното било исламизирано[8]. Во с. **Витолиште** за прв пат во 1544/45 година се појавило едно муслиманско семејство, но веќе во 1569 година селото одново е населено само со христијани[9]. За прв пат во 1569 година муслимани се регистрирани во селата: **Бешиште** и **Црничани,** по едно исламизирано семејство , како и во **Старавина,** дури пет муслимански, веројатно турски семејства, од кои по две очигледно во блиски родбински врски[10].

Можно ли е да се смета за случајно тоа што дури во три од петте мариовски села во кои се инфилтрирале муслиманските семејства дошло до појава на лица, во официјална номенклатура означени како „разбојници“, поради кои мариовчаните „се побуниле и откажале послушност на Шеријатот“? Или тоа што селото Старавина, кое некаде во времето на побуната одеднаш примило

пет муслимански (турски) семејства, исфрлило двајца иницијатори на бунтот? Или, најпосле, што меѓу поттикнувачите на бунтот се нашле и две свештени лица, попови, како најкомпетентни и најафторитетни заштитници на христијанската вера и народното битие во она тешко, ропско време? Се чини дека сето ова само ја потсилува претпоставката оти обидот за менување на верскиот состав на христијанското Мариово бил еден од најзначајните агенси за појавата на бунтовниците и за нивното успешно дејствување среде своите соселани.

Меѓу нерешените прашања околу Мариовско-прилепската буна е и она за нејзиниот крај, т.е. кога и како завршила таа. Последната од познатите три султански наредби во врска со буната, напишана на 4 декември 1565 година, како да го означува врвниот, но и последниот чин од настанот, кој се одиграл пред вратите на прилепската судница. Тука „се кренале повеќе од илјада неверници, секој со по еден стап во раце и камења во пазувите", но кога се готвеле да влезат внатре, бидејќи бил петок, „повеќето од муслиманите се наоѓале пред вратите на судницата и ги совладале неверниците". Останувало да се фатат и затворат „водачите на споменатите бунтовници" и за тоа итно да се извести Високата порта во Истамбул. При ова прави впечаток дека веќе не се инсистира, како во претходните две наредби, сразмерно со направените престапи, неколку од водачите на бунтот да бидат накажани со смрт а неколку да бидат испратени на царските галии како веслари[11].

Во споменативе две султански наредби, првата од 3 октомври 1564, а втората од истата дата како и погоре цитираната, т.е. од 11 декември 1565 година, поименично се споменуваат главните протагонисти на народното бунтување во Мариово. Тоа биле: **Димитри Стале** од с.Сатока, **поп Димитри** од с.Градешница, **Матјо Никола** од с.Бешиште, **Стојан Пејо** и **поп Јако** од с.Старавина.

Сè досега не се знаеше ништо за судбината на овие лица осудени однапред, пред да бидат фатени и сослушани, на најтешки казни за својот обид да се спротистават на неправдите што на нивните соселани им ги причинувале турските властодршци. Меѓутоа пописот составен во 1569 година, значи неколку години по наредбите за фаќање на петте гореспоменати лица, ги дава следниве, неочекувани податоци: како жители на с.Старавина регистрирани се Стојан Пејо и поп Јако; како жител на с.Градешница - поп Димитри, и тоа како прв на списокот на христијаните (што најверојатно значи дека бил во функција на старешина на селото); и како жител на с.Сатока - Димитри Стале. Значи, истите оние лица по кои само пред неколку години била издадена султанска наредба за фаќање и казнување! Единствено Метјо Никола го нема меѓу живите на с.Бешиште, освен ако не е идентичен со регистрираниот Петко Никола. Освен тоа, фактот што во пописот од 1544/45 година од инкриминираните лица бил регистриран само поп Јако од с.Старавина, сугерира заклучок дека, освен него, сите други биле млади луѓе, до 35 годишна возраст во времето на бунтот.

После ова нормално е да се заклучи - гонетите од власта водачи на бунтот биле помилувани, секако со лично ветување и гаранција од соселаните

дека ќе останат мирни и лојални поданици на султанот. Тоа не било ништо необично, а напротив, честа пракса во Турското царство, дури и за многу потешки престапи. А нема валидни податоци кои би укажувале дека овие лица сториле некаков злочин, убиство или слично. Дури и целата буна на мариовчаните и прилепчаните се сведувала на оној настап пред прилепската судница и во неподмирувањето на даночните обврски спрема својот феудален господар. Нема никакви индиции за подолготраен, а уште помалку вооружен бунт кој „крваво завршил". Во прилог на поинаков крај на бунтот оди и тоа што сме во можност аргументирано да констатираме дека се неосновани постојните претпоставки за насилно исчезнување, уништување на селата Сатока и Пештје во време на Мариовско-прилепската буна. Имено, с.Сатока егзистирало и по буната, само што од 81 семејство и 9 неженети во 1544/45 година, спаднало на 35 семејства и 30 неженети во 1569 година, односно од окулу 400 на окулу 200 жители[12], што веројатно се должело на вкупните демографски движења во Мариовско, за кои веќе станува збор. Значи, исчезнувањето на селото Сатока можело да се случи најрано кон крајот на XVI век или уште подоцна. Што пак се однесува за другото, наводно и тоа „расипано од Турците" с.„Пестја"(Пештје, Пешта), работата е искомплицирана поради непрецизното читање на неговото име во османскиот документ објавен од бугарскиот историчар Петар Мијатев, врз база на што српскиот етнограф Воислав Радовановиќ вршел теренски испитувања во Мариово и уште повеќе го замрсил прашањето, идентификувајќи го селото со „денешното селиште Пешта"[13]. Всушност, како што стои во поновиот превод на документот од страна на туркологот Душанка Бојаниќ-Шопова, како и во овде посочените пописни дефтери од XVI век, станува збор за с.Бешиште, кое и денес постои, а кое во 1544/45 година имало 75 семејства и 8 неженети, односно близу 400 жители, за до 1569 година да спадне на 35 семејства и исто толку неженети, или на окулу 200 жители[14].

Во заклучок на сето напред кажано ќе си дозволиме нескромност да извлечеме една поука за идните истражувања и истражувачи на македонското минато. Читајќи ги некои од нашите трудови, се добива впечаток дека некритички, понекогаш недозволено слободно се интерпретираат изворите кои за тоа се користат, како што покажува и овај пример со Мариовско-прилепската буна од 1564/65 година. Со ова воопшто не сакаме да го намалиме, а уште помалку да го обезвредиме значењето на настаните што се означуваат како Мариовско-прилепската буна од 1564/65 година, туку да посочиме дека и на овој пример може да се извлече поука за неопходноста од поголема критичност во интерпретирањето на изворите, воопшто, и посебно на оние што се користат за осветлување на нашето борбено минато. Историјата дава доста неспорни примери за слободарските стремежи и борби на нашиот народ, па не е потребно тие да се презголемуваат или бараат и таму кај што ги немало.

# МЕГЛЕНСКАТА ЕПАРХИЈА

## 1.

Областа *МЕГЛЕН*, денес во егејскиот дел на Македонија, се наоѓа јужно од Тиквешијата и Мариово. На север Меглен го затвораат планините Ниџе (со Кајмакчалан) и Кожув, а на исток со планината Пајак. На југ Меглен е отворен кон Воденско и Пазарско Поле. Порано Мегленската котлина претставувала езеро, кое со тек на време со тектонските поместувања истекло по реката Мегленица во Егејско Море. Оттаму, Мегленската котлина е мошне плодна. Мегленската област опфаќа површина од 1036 км$^2$, односно 933 км$^2$.[(1)]

Областа Меглен го добила името по античкиот град Моглен. Тој се наоѓал на брегот на реката Мегленица, до денешното село Слатино. Тврдината и градот Меглен го основале Јужните Словени, главно од племето Сагудати за време на нивната колонизација на Балканскиот Полуостров[2)]. Значи во градот и околината живееле македонски Словени.

Уште во најстари времиња, покрај крепоста Меглен, се споменува дека во градот суштествувало епископско седиште. Дури на некои места се спомнува дека Меглен во еден мал временски период бил престолнина на цар Самуил (976-1014), „Тој под своја надлежност ја имал Мегленската архиепископија".[3)] Ако е тоа така, тогаш станува збор за автокефална црква, што секако претставува зародишот на идината на Преспанската (на островот св. Аил), односно Охридската архиепископија, т.е. на денешната Македонска православна црква.

Значи на оваа територија уште од постари времиња делувала *Мегленската епархија*. Изгледа дека диецезата на Мегленската епископија се простирала малку пошироко од Мегленската околија, поради тоа што во одделни моменти под јурисдукцијата на Мегленскиот епископ ги среќаваме Мариово, средновековното градче - тврдината Просек (денес во урнатини), Лерин со Леринско, па дури Воден и Воденско. Епископско седиште бил градот Меглен, сместен меѓу Ниџе и Кајмакчалан, а на југозапад меѓу Воден и Лерин. По името на Меглен областа и епископијата биле именувани како Мегленски. По уништување на Меглен, епископско седиште станало градчето Н´ти, Ноти или

Нотија. Значи, иако повеќе не постои градот Меглен, потоа а и денес во комуникација останало името на областа да се именува како Мегленско. Историјата на Мегленската епархија можеме да ја следиме уште од зародишот на Охридската црква. Така во времето на царувањето на Самуил, меѓу првите поистакнати епархии на Охридската архиепископија се споменува Мегленската[4)].

Во времето ма жестоките Македонско-византиски борби, во одделни моменти била засегната и територијата на Мегленската епархија. Така на пример Иван Снегаров споменува дека во 1001 година Византијците успеале да го завладеат градот Воден, кој дотогаш се наоѓал под јурисдукција на Мегленскиот епископ, а во 1015 година и градот Нотија[5)] и да ги приклучи под црковна власт на Цариградската патријаршија. Според Славко Димевски, и други автори: во 1015 година и градот Меглен потпаднал под Византијците, дури и бил разурнат, од што би се донело заклучок дека Мегленската епископија потпаднала под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Меѓутоа, и да е тоа така, таа состојба не траела за подолго време. Така според договорот на византискиот император Василиј II (976 -1025) и последниот македонски цар Иван Владислав (1015 - 1018), споменативе градови и места биле вратени на македонскиот владетел, што значи дека Мегленската епархија повторно се нашла под јурисдукцијата на Охридската црква.

За време на пропаста на македонската средновековна држава, како што е познато, византискиот император Василиј II не посегнал врз автокефалноста на Охридската црква. Така во хрисовулите што ги издал византискиот император секогаш се споменувала Мегленската епископија. Според првата хрисовула мегленскиот епископ имал „заповед“ во Меглен, Просек, Мариово, Сетина, Острово и Заодрие. Во тоа време Мегленската епархија била третирана како третостепена црковно-административна единица, на која и се давало можност да управува со 15 клирици и 15 парици[6)]. Тоа го дознаваме од официјалната класификација на епархиите под јурисдикција на Охридската архиепископија. Така првостепените епархии: Охридската, Костурската, Скопската и други имале право да владеат со 40 клирици и по 40 или 30 парици, а второстепените епархии по 30 клирици и по 30 парици. На Мегленската, Пелагониската, Мороздвиздската и други третостепени епархии, под јурисдукција на Охридската архиепископија им биле давани од 12 до 15 клирици и од 12 до 15 парици[7)].

По смртта на севастократорот Стрез (1215) едно време Мегленската и Струмичката (Тивериополиската) епархија биле поделени меѓу Солунското латинско кралство и Епирското деспотство.

Од историјата на Мегленската епархија, главно под јуридусдикцијата на Охридската архиепископија, па до паѓањето на Македонија под турско-османската власт, познати се неколку мегленски епископи и тоа: Нифон, Иларион, Теофилакт и други, со напомена дека последниов се споменува и како воденски епископ. Според И.Снегаров, тоа доаѓало оттаму што мегленскиот епископ престојувал во Воден или пак живеел во тој град[8)].

Од споменативе мегленски епископи најпознат секако е Иларион Мегленски. Тоа е време кога во Мегленската област се проширило богомилството. Борејќи се против богомилите и еретиците во својата епархија, животот на епископот Иларион бил доведен во прашање и опасност. Со помошта на византискиот император Мануил во 1156 година, кој издал указ на име на епископот Иларион, со кој ја поддржал неговата борба против богомилите, а во заштита на православието. Сето тоа моќне помогнало богомилите да се присоединат кон православните и воопшто еретиците да се изгонат од Мегленската епархија[9)].

## 2.

Областа Меглен под турско-османска власт потпаднала во 1382 година. Оттогаш во турските документи Меглен бил именуван како Караџова, што би асоцирало на поимот „карасу", односно црна, и „оваси" - долина"; значи Црна Долина или покасно ајдутска долина. Реката пак Меглениця Турците ја именувале како Кара-азиак[10)].

Во периодот од 1453 до 1466 година, постепено како териториите на Србија, Босна, Херцеговина и Црна Гора потпаѓале под турска власт, така сите епархии на веќе укинатата Пеќка патријаршија потпаднале под јурисдикцијата на Охридската архиепископија.

Во 20-те години на XVI век познатиот охридски архиепископ Прохор имал потешкотии и судири со костурскиот митрополит. Непријатностите и судирите добиле таков размер што во тоа се смешал вселенскиот патријарх Еремиј и александрискиот патријарх Јоаким, кои ја поддржувале автокефалната дејност на охридскиот поглавар. Станува збор за неканонските дејности на одделни владици, кои епархиските катедри ги добивале без согласност на Охридската архиепископија, а со помошта и „пешкешот" во полза на султанот. Така одделни епископи откако ќе добиеле писмо или согласност од кадиите или месните турски власти, директно заминувале за Цариград и од Високата порта добивале берати за бараната епархија. Значи го прескнувале Светиот синод на Охридската архиепископија. За да ги реши овие неканонски дејности, архиепископот Прохор издејствувал султански ферман, според кој во иднина секој владика најнапред требало да добие берат, да се избори за дозвола од Светиот синод на Охридската архиепископија и на охридскиот кадија, па дури потоа да бара дозвола од Портата. За таа цел 1529 година во Охрид бил свикан црковно-архиерејски собор со учество на 12 епископски владици. Соборот го бојкотирале костурскиот, мегленскиот, струмичкиот, гребенскиот и други архиереи. Нивното незадоволство тие го формулирале дека за време на архипастирството на архиепископот Прохор Охридската архиепископија веќе го добила словенско-македонскиот облик, зашто поголем број од владиците биле Македонци, а црковните акти и администрацијата и воопшто официјален јазик за комуникација станал словенско-македонскиот, односно црковно-словенскиот.

Нивното барање било враќање на поранешната употреба на комуникацијата на грчкиот јазик[11].

Во историографијата е позната отпорот на смедеревскиот митрополит Павле против споменатиов архиепископ Прохор, а за возобновување на Пеќката патријаршија. Со поткрепа од одделни српски првенци митрополитот Павле во 1529 година ја отфрлил јурисдикцијата на охридскиот архиепископ Прохор. Во заштита на доацезата на Охридската архиепископија, поглаварот Прохор патувал дури во Цариград во месец септември во 1530 година. Таму тој не ја добил подршката на вселенскиот патријарх Јеремиј I, дека митрополитот Павле постапил неканонски, зашто Пеќ и воопшто српските епархии отсекогаш се наоѓале под јурисдикцијат на Охридската црква. Ако во еден мал временски период тие биле автономни, тоа станало насилно, а не по решение на некој црковен собир[12]. Ваквата состојба довела до организирање на црковно-архиерејски собор во Охрид на 13 март 1532 година. Тука меѓу 29-те архиереи на Охридската архиепископија, од кои 10 биле од Македонија[13], се спомнува учество на мегленскиот епископ Пахомиј[14]. Учесниците на црковниот собор во Охрид ја осудиле постапката и неканоничноста на смедеревскиот митрополит Павле. Меѓутоа, дури на третиот црковен собор (1541) осудениот смедеревски владика бил затворен.

Во текот на XVII век доаѓа до економско слабеење на Охридската архиепископија и воопшто на нејзините подведомствени епархии. Тоа пред сѐ се должи на зголемените црковни даноци и давачки земани од манастирите, црквите и воопшто од архиерејството и ерејството, а што ги вовел големиот везир Мустафа-паша Ќупрули. Покрај тоа тој им наложил данок на свештениците и монасите и доста цркви ги претворил во џамии. Доградба или секаква поправка на веќе ренуирана црква или манастирл, без посебна султанска дозвола, било посебно забрането. На ова се жали охридскиот архиепископ Харитон во Москва во 1645 година до рускиот цар Михаил Теодорович Романов (1614-1645)[15] барајќи помош и милостина од православна Русија[16]. Во врска со темава што ја третираме од интерес е да спомeнеме дека во ова приближно време корчанскиот митрополит и мегленскиот епископ (1628) се жалат дека ги задолжиле црковните садови и црковните имоти, за да можат да ги исплатат на турските власти своите зголемени и тешки давачки[17]. Слично постапил и костурскиот и гребенскиот архиерej.

Кога го истакнуваме патувањето и барањето на матерјална и морална помош и милостиња од Русија и Руската православна црква, што се однесува за темава го истакнуваме патувањето за Москва на охридскиот архиепископ Анастасиј во придружба на мегленскиот епископ Јосиф. Изворите ја потврдуваат нивната посета во Русија во месец јуни 1606 година од рускиот цар Василиј Јоанович Шујскиј (1606-1610)[18].

Во црковно-административен поглед кон крајот на XVI и почетокот на XVII век, во диацезата на Охридската архиепископија се наоѓале 32 епархии (со Охридската вкупно 33 епархии). Тие биле поделени на митрополии, како што на пример била Костурската, а ги имало околу 6 и на епископии. Меглен-

ската епископија била подчинета на Костурската митрополија. Во еден временски период кон Мегленската се обединила Молисковската епископија, кои потоа едно време ќе се именуваат како Мегленскомолисковска епархија[19].

Најдобриот истражувач на Охридската архиепископија Иван Снегаров, кога станува збор за Мегленската епископија, ги споменува следните нејзини епископи:

1. *Пахомиј*, кој се спомнува окулу 1532 година;

2. *Јосиф*, кој заедно со архиепископот Атанасиј во 1606 година патувал за Русија по милостиња;

3. *Харитон* се споменува околу 1634 година. Како архиепископ Харитон најмногу патувал за Русија, но дали е тоа истиот владика се уште не можеме да утврдиме;

4. *Никодим*, се спомнува окулу 1668 до кај 1684 година;

5. *Паладиј* се спомнува на 1 јуни 1683 година;

6. *Антим* како Мегленски епископ се среќава на 8 мај 1688 година;

7. *Дионисиј* се среќава од 1694 до 1699 година;

8. *Игнатиј* како мегленски свештеник се споменува во 1706 година;

9. *Гаврил* бил мегленски епископ од 1714 до 1762 година, и

19. *Герман* избран за мегленски епископ во декември 1762 година, а со Мегленската епархија управувал се до април 1767 година[20].

Последниов мегленски епископ е од значење за нашата црковна историја, зашто во негово време доаѓа до неканонското укинување на Охдридската архиепископија. И не само поради тоа! Имено, вешто подготвениот фанариотски акт за „доброволно" приклучување на епархиите на Охридската архиепископија кон Цариградската вселенска патријаршија, за да Охридската црква се спаси од финансиска тешкотија, кои давачки требало да ги плати Патријаршијата, го потпишале следниве владици на Охридската архиепископија: архиепископ Арсениј, костурскиот митрополит Евтимиј, преспанскиот Партениј, воденскиот Герман, горномокренскиот Аверкиј, велешкиот Јосиф, корчанскиот Генадиј, струмичкиот Ананиј, гребенскиот Григориј, сисанискиот Никифор и мегленскиот епископ Герман. Другите архиереи на Охридската архиепископија се спротиставиле на оваа фанариотска грчка лакрдија. По се изгледа, со закаснување во месец април 1767 година и мегленскиот епископ Герман се спротиставил на ангажирањето на Патријаршијата за укинување на Охридската архиепископија. Овој закаснет отпор и протест на мегленскиот епископ Герман бил непријателски пречекан од страна на вселенскиот цариградски патријарх Самуил Ханџера, кој наскоро мегленскиот епископ Герман го заменил со нов владика Натанаил[21].

## 3.

Повеќемина македонски научници истакнуваат дека како последица и како револт од неканонското укинување на Охридската архиепископија, несакајќи да се подчинат на Цариградската патријаршија, во Мегленско е забележана помасовна исламизација[22]. Се разбира дека „доброволното" прифаќање на исламот се вршел и со присилни мерки.

Исламизацијата во Мегленско е поврзана со епископот Иларион. Така со беседата што тој ја одржал во месната црква пред своето паство, поканувајќи ги колективно да преминат во ислам, тој ја фрлил следнава клетва: „Нека за оваа голема несреќа на штета на Христовата црква пред Бога одговара патријархот Самоил"[23]. Во ислам тогаш во Мегленско поминале окулу 28 македонски села и големото влашко село Н´ти или Нотија, седиштето на Мегленската епархија. Поради ова, наскоро седиштето на епархијата се преселило во Лерин.

По основањето на Бугарската егзархија (1870), бугарската пропаганда испраќала во Македонија бројни свои агенти и пропагатори, за да што повеќе македонски епархии ја прифатат Егзархијата. Станува збор за Гуменциската, Пелагониската, Охридско-преспанската, Солунската, Серската, Костурската, Драмската, Мегленската[24] и други епархии. Дури (во еден временски период), за да имаат поголем ефект и успех, бугарската пропаганда и пропагатори предлагале од Пелагониската (Битолската) и Мегленската (Леринската) епархија, да се сочини една егзархиска позајакната епархија, чиј архиереј би се титулирал како пелагониско-мегленски[25].

За реализирањето на таа и на други слични експанзионистички егзархиски цели кон Македонија, бугарската пропаганда испраќала матерјална помош, учебници, книги, учебни помагала, учители кои самата ги финансирала и слично, незаборавајќи тоа да го направи и во Мегленската епархија[26].

Мегленската (Леринската) епархија под јурисдикција на Цариградската патријаршија се наоѓала сè од 1928 година. Оттогаш до денес таа се наоѓа под водомството на Грчката православна црква - Атинската (Еладската) архиепископија на чело со свој владика.

## 4.

На територијата на некогашната Мегленска епархија се соградиле неколку значајни црковни објекти: манастири, цркви, параклиси и слично, одделни од нив се зачувани и денес. Ќе наведеме неколку:

- Најзначаен е секако манастирот „Св.Апостоли" изграден и осниван од Иларон Мегленски на местото каде што некогаш се собирале богомилите и еретиците. Заедно со изградбата на манастирот, споменатиов Иларон Мегленски напишал специјален Устав на манастирот. Во манастирот се наоѓале доста црковни и вредносни написи. Во него престојувале доста македонси монаси.

Едно време игумен на манастирот бил ученикот на Иларон Мегленски - спомнатиот старешина на манастирот Петре[27]).

- Мошне значаен е Мегленскиот манастир. Во него Иларон Мегленски го примил монаштвото и таму бил хиротонисан за епископ.

- Познат е и храмот „Светите архистратизи Михаил и Гаврил“ во селото Ајтос и на југо-запат од Лерин. Храмот бил изграден врз урнатини на некогашен манастир и бил осветлен во 1893 година.

- Внимание заслужува и храмот „Св. Иларион“ од верниците повеќето именуван како „Св.Рион“, кој се наоѓал над мегленското село Бахово. Споменатиов храм и црквата „Св.Ѓорѓија“ при него биле возобновени во 1868 година.

На територијата на Мегленската епархија познати се уште: храмот Олишански над селото Бериславци, возобновен во 1868 година; црквата „Св.Атанасиј“ при еницевардарското село Вардишта, кој се споменува од 1659 година; храмот Кованец при истоименото мегленско село, кој се спомнува од 1527 до 1528 година и други[28]).

## 5.

Сосема на крајот ќе заклучиме дека Мегленската епархија зазема значајно место во историјата на Охридската архиепископија, односно во историјата на македонскиот народ. Во почетокот дури се спомнува како архиепископија, а потоа главно како епископија, која во најголем број случаи била индиректно подчинета на Костурската митрополија. Мегленската епархија под своја диацеза го имала Меглен, Мариово, античкото градче Просек, Лерин и Леринско, едно време Воден и Воденско и Молиска.

Во Мегленската епархија делувале повеќемина видни епископи, како што се: Иларион Мегленски, Пахомеј, Јосиф, кој заедно со епископот Харитон (веројатно подоцна охридски архиепископ) кон средината на XVII век патуваат во голема и православна Русија (Москва) барајќи матерјална и морална помош од Руската православна црква и од руските цареви. Последниов епископ, пак, Герман е од значење, затоа што тој се спротиставил на ставот на вселенскиот патријарх за укинување на Охридската архиепископија во 1767 година.



*Панорама с. Витолиште*



*Река Црна кај „Расимбегов мост“*

Милка ЗДРАВЕВА

# МАРИОВО И МЕГЛЕН ВО ДОКУМЕНТИ ОД КРАЈОТ НА XVII ДО ПРВИТЕ ДЕЦЕНИИ НА XIX ВЕК

По консултирањето на документите и историската литература што ги имавме на увид, со жалење констатираме дека, досегашните историски сознанија и документи за времето од крајот на XVII до првите децении на XIX век се многу скудни.

Турските документи во кои се регистрирани населбите и домаќинствата (хане-ханињата), главно се однесуваат на распределување на разните давачки, односно обврските кон државата, потоа за гонење на ајдутите, за обезбедување средства за плати на секбани, војници и сл. Притоа, речиси сите документи завршуваат со ласкави грижи за сиромашната раја и закани кон пониските органи на власта доколку не се почитуваат наредбите од повисоките органи.

Овде сакаме да забележиме дека, некои села, како на пр. Мариовска Лопатица и Суходол Мариовски кои се спомнуваат во XVIII и првите децении на XIX век во Битолската каза[1)], во литературата што се однесува на Мариово во подоцнежниот период не се споменуваат. Инаку, Лопатица е евидентирана во Мариовската нахија во XV и XVI век[2)]. Село Градешница многу и често се споменува во документите[3)].

Во манастирските кодики од соодветниот период се евидентирани посетителите од разни населби со подароците што ги оставиле во манастирот. Меѓу бројните посетители од средишна и југозападна Македонија се евидентирани и лица од селата: Мегленица (?), Мегленци, според К´нчов е во Прилепската каза, Мелница (сигурно Меденица), Дуње, Крушевјани, Кален, Живово, Кокре, Запрчани (Вепрчани само на едно место), Пешчани (Пештани), Црничани, Пчанишча (Чаништа), Врпско, Маково, Витолишта, Новоселци, Гостољуби, Меглен Црнишево, и посебно Црнишево, кои дале по грош, одредена количина (кило, кутел, бучук) пченица или јачмен, шилеже, овца, бравче, ока сирење, ведро вино, лакат платно, рало пахти сребрени сосе колан и др.[4)] за здравје на семејството и стоката и ретко за душа. Имињата што се среќаваат во кодиките се мошне интересни за ономастичарите.

Во продолжение ќе наведеме неколку документи, кои се однесуваат на Мариово.

Во август 1750 година е испратено бујурулдија до мутесарифите на Дукадин, Скопје и Призрен и кадиите на: Димотика, Еласона, Серфиџе, Чаршамба, Егри Буџак, Џума Пазар, Острово, Лерин, Битола, ПРИЛЕП ЗАЕДНО СО МАРИОВО (подвл. -М.З.), Кичево, Тетово, Скопје, Приштина, Вучитри, Ново Брдо и Призрен со нахиите Ѓаковица и Пеќ[5]. Во бујурулдијата е нагласено дека, поради реорганизацијата на Вилаетот Румелија може да се зголеми бројот на ајдутите и разбојниците и тие да напаѓаат на божјите робови и да им нанесуваат зло. Притоа, им се обрнува внимание на споменатите мутесарифи и кадии, да вложат напор патниците и сиромашната раја да биде осигурана од евентуални неправди, и штети, во спротивно нанесените штети ќе ги сносат тие - претставниците на пониската власт и лично ќе бидат казнети[6].

Дека Мариово е нахија во Прилепската каза постојат повеќе документи и овде зачудува нагласеноста *Прилеп заедно со Мариово* кога е нормално кадиите да ги опфаќаат сите нахии.

Во мај 1764 година во врска со настапувањето на пролетта и гонењето на ајдути, разбојници и други одметници е испратена бујурулдија до ајаните, мутеселимот на Румелискиот ејалет и до кадиите на Велес, Прилеп, Мариово, Битола и Лерин[7]. Предходната од 1750 година зборува за реорганизација на вилаетот, а во оваа од 1764 во Мариово се спомнува кадија. Веројатно се работи за кадија од понизок ранг.

Ќе наведеме и еден ферман од јули 1792 година[8], со кој се бара ликвидирање на дружините албански одметници кои напаѓале во Прилепско и Мариовско. Во него е нагласено дека, војводата на *МУКААТА НА ПРИЛЕП И МАРИОВО* (подвл. - М.З.), лицето Хусеин Мехмед успеал да го одбие нападот на прочрениот разбојник Матли Осман и да ѝ обезбеди на рајата мир и спокојство, но дека одметниците Јонус Шејх Оглу и Стафо Љуш, со група албански разбојници од Дебар и Мат (над 2000 нефери) првата вечер на Рамазан истата година повторно ја нападнале Прилепската каза и војводата на мукатаата барал помош од повисоката власт.

Инаку, во неколку документи од 1759 до 1770 година се зборува за албански упади и разбојништва во околините на Бер, Воден, Његуш, Катерина, односно во соседството на Мегленр[9].

Документите и особено ползуваната историска литература мошне интригираат на статусот воопшто на Мариово, пред се, заради прифатеноста од сите истражувачи на овој регион дека, времето на турското владеење овде било „земско време“ со уживање на населението на некаква „земска автономија“ со „земски кметови“[10].

Д-р Александар Стојановски во статија „Мариово во XV и XVI век“[11] аргументирано заклучува дека, економско-општествената положба на мариовци не покажува никакви суштествени разлики од положбата на другото маке-

донско христијанско население во тој период. Сепак наведува дека, Мариовската нахија покажува извесно даночно отстапување во однос на даночните обврски на населението. Тој исто така не ја отфрла можноста, дека заради природната изолираност на овој регион селската самоуправа да дошла повеќе до израз. Во истата статија е наведено дека, мариовските села биле во состав на хасови, чии уживатели биле високи државни функционери, дури и лично султанското семејство.

Мариово било хас и во втората половина на XVII век, за што сведочат два документи. Во еден документ од април 1665 година[12)] стои дека, жителите од селата Кокре, Годјак(ово), потоа Брчани (Вепрчани), Пештани, Дуње и Кален од старина се слободни, се бунат против даноците „tekalifi saka" и го бранат „сербестиетот" (извесен феудален имунитет, односно автономија независност). Во документот пак од ноември 1688 година[13)] упатен до кадијата на Прилеп стои: војводата на хасот Мариово, Мехмед, го известил шеријатскиот меџлис дека поголем дел од населението на споменатиот хас се ајдути и арамии, дека во хасот доаѓаат ајдути и разбојници и од околината, со што е загрозена безбедноста на претставниците на власта. Заради тоа од прилепскиот кадија се бара да се фатат и казнат ајдутите според шеријатот.

Бидејќи хасовите имале извесни бенифиции, односно имунитетни права и биле иземени од должноста на локалните органи на власта освен од судските, веројатно областа Мариово како сточарско-пчеларски регион била хас и во XVIII, односно до првите децении на XIX век. Прилепскиот панаѓур во овој период бил хас на мајката султанија[14)].

А.П.Стоилов во статијата „Мариово", објавена во 1894 година[15)], нагласува дека привилегиите на мариовската област се одземени пред 70 години. Ова исто така упатува на претпоставка дека до 1824 година мариовци имале извесни бенифиции. Инаку, т.н. „земско време" во Мариово подоцнежните истражувачи го сметаат до 1834 година[16)].

На претпоставка дека е можно привилегиите на мариовчани да им се одземени во почетокот на 20-тите години на XIX век, упатува една повелба на Румелискиот валија од 19 април 1822 година[17)] до кадиите и останатите власти на Битола, Велес и Тиквеш за да ги вратат во нивните места граѓаните од Прилепската каза и Мариово, што избегале без да ги платат разрежените им намети. Инаку, во т.н. „земско време" мариовчани ги плаќале обврските кон државата со мед и масло[18)]. За бегалци од Меглен и Воден во почетокот на XIX век зборува Воислав Радовановиќ[19)].

Во 1821 година се познатите востанички движења на Касандра и Пјерија, а во февруари, март и април 1822 година и во Негуш, кога турските власти ги заостриле санкциите против христијанското население. Не е исклучено извесните бенефиции што ги имало Мариово да ги загубило во 1822 година.

## ОБЈАСНЕНИЕ НА УПОТРЕБЕНИТЕ ТУРСКИ ЗБОРОВИ

Ајани: угледни и влијателни првенци. Од XVIII век народни претставници но и феудална господа

Бујурулдија: писмена заповед на великиот везир, покраенски намесник (валија) или нивни застапници

Бучук: мерка за жито

Валија: намесник, гувернер на вилает или санџак

Вилает /ејалет, ајалет/: најголема административна управна единица во Турската империја

Грош: турска монета

Кадија: судија

Каза: територија што потпаѓа под надлежност на еден кадија

Кило: мерка за зрнеста храна (цариградско кило, битолско, охридско, елбасанско, сите се со различна тежина)

Кутел: мерка за запремина

Меџлис: Собрание, Совет, заседание

Мукатаа: паушално закупување на државни приходи (закуп, концесија)

Мутесариф: управител на санџак; санџак-бег. Уживател на право или посед.

Мутеселим: застапник на покраински намесник

Нахија: најмала административно управна едниница

Нефер: војник, лице

Раја: закрепостено население во Турската империја. Од XVIII век само христијанско

Секбани: специјални трупи во старата турска армија. Сејмени.

Спахии: припадници на коњица

Ферман: Заповед издадена во името на султанот; наредба воопшто

Хас: Најголем посед во турскиот феудализам со приходи над 100.000 акчиња. Се давале на царско семејство и везири

Шеријат: збирка закони засновани на Куранот. Свет муслимански закон. Исламско верско право.



*Фотографија на ученици од 1924 година од Тушин Мегленско*

Маргарита ПЕШЕВСКА

# МАРИОВО И МЕГЛЕНСКО ВО ДЕЛАТА НА НЕКОИ СТРАНСКИ ПАТОПИСЦИ ОД XIX ВЕК

Странските држави многу рано пројавувале интерес за Македонија. Тој интерес се зголемил со освојувањата на Турците на Балканот. За да се запознаат со ситуацијата во Македонија тие испраќале свои емисари и патописци кои ја информирале јавноста за стварната ситуација на ова подрачје. Нивните извештаи побудиле значаен интерес на европските држави.

Патописците кои поминувале низ Македонија во своите извештаи ги споменуваат Мариовската и Мегленската област. Во нив се наоѓаат описи од животот на населението, занаетчиството, трговијата. Исто така, се предава положбата на населението, шумските и рудните богатства на Мариовскиот и Мегленскиот крај, описи на градови и села во и околу нив, реките и геофизичките карактеристики на земјиштето. Нивните белешки се значајни за проучување на историјата на овие области.

Меѓу патописците кои ја посетиле Македонија и кои го споменуваат Мегленскиот крај е *Вилијам Мартин Лик*[1]. Значаен е неговиот патопис под наслов „Патувањето по Северна Грција", кој е издаден во Лондон во 1835 година и е во четири томови. Во него се дадени податоци за Македонија од античкиот период, археологијата, географијата и фолклористиката. Тој меѓу другото се задржува и на описи на обичаите и местоположбата на Мегленскиот крај.

Патописецот ја преставува како грчка епископија позната уште и со името Молесха. Тој смета дека името потекнува од јазикот на склавинските племиња кои дошле во Македонија во деветтиот век. Низ областа тече реката Караџоваси (Мегленица) и се претпоставува дека нејзиното античко име е Лидиас или Лудиас. Таа е најголема река која се сливала во езерото Пела или Еницевардарското езеро. Реката истечувала од долниот дел на езерото и го продолжувала токот кон морето. Долината Караџоваси или Моглена е одделена од рамнината со верига од планини каде се наоѓа и еден премин. Таму е врвот Ниџе кој ја ограничува Караџоваси од запад и е највисока кота од веригата.

Податоци за областа Меглена дава и францускиот патописец *Ами Буе*[2]) во својот патопис од 1836-38 година под наслов: „Патописи по Европејска Турција", географски, топографски и статистички податоци за ова царство, издадено во Виена во 1854 година. Тој го споменува мочурливото езеро Телово кое личело на кратер наполнет со вода и во кое немало трски. Планината Караџова била стрмна и во поголемиот дел гола. Во Телово се вливале води од езерото Острово и бидејќи немало истекувања двете езера истекувале едно во друго. Понатаму дошле до селото Вабро или Телово. Таму имало ореви и јудејски дрвја кои правеле прекрасни сенки. На север од Вабро излегувала реката Корчиова. Под селото Вабро се наоѓале три водопади кои ги правело езерото Телово. Патот поминувал низ сивобелузлави карпи. По патот тие сретнале турски војници кои ги гледале добродушно и на групата и изгледале како комити.

Патот од Вабро кон Воден бил добар за патување и поминувал низ богата вегетација. Таму имало и дрвја од смокви, реките биле полни со ракови и оттаму се пружала прекрасна глетка кон планините на Караџоваси.

Патописецот *Сајрус Хамлен*[3]) од САД во 1847 година ја посетил Македонија. Тој како геолог дошол во селото Сборско (Мегленско) да испита дали има некои минерали за да се ископа рудник на ова подрачје. Тој со брод дошол од Истанбул до Солун, а потоа патувал со својата придружба со коњи до Eниџе и Караџово и Мегленско и назад. Патописните белешки ги објавил во книгата издадена во Њујорк под наслов: „Меѓу Турците". Во патописот се наоѓа дел под наслов: „Патување до Јужна Македонија" во која зборува и за Мегленско.

Во почетокот на патописот зборува за причините кои го натерале да ја посети оваа област и меѓу другото напоменува дека некој од месните Турци, Нури-бег на својот имот нашол некој минерал и го однесол да се истражува и било утврдено дека е многу вреден минерал и дека во таа област имало многу вредносен рудник. Хамлин бил замолен да помогне во развивањето на овие ресурси. Тој поставил услов да му бидат платени сите трошоци и откога му биле одобрени средствата тргнал кон овој крај.

Од патописот значајно за нашава тема е доаѓањето на Хамлин во с.Борско (Срборско-Мегленско). Таму групата ја пречекал Нури-бег со девет војници. Областа пред извесно време била пустошена од разбојнички банди. Нури-бег со својата храброст и одлучност успеал да се пресмета со разбојниците а нивните семејства ги раселил а водачите ги убил. Во двете села низ кој поминала групата немало ни учител, ни свештеник. Хамлин се распрашувал од каков состав биле разбојниците и добил одговор дека тие биле од секаков вид. Кога ќе бидел фатен муслимански разбојник го испраќале во војска, а ако одбиел и дезертирал го стрелале. Нури-бег бил муслиман од словенско потекло и патописецот го отценил како голем фаталист.

Групата го посетила и с. Рожден (Рождени), кое се простирало под планина и било богато со води и шуми. Таму се наоѓал и рудник од глина од кој се граделе куќи. Тие биле цврсто градени, со високи и остри тавани покриени

со слама. Дел од куќата била шталата каде се чувал добито... бил многу подигнат живееле луѓето.

Селаните им се жалеле на злоупотребите на власти... нувале големи давачки. Стоката им била броена и ако се случело ... но да загине, требало да се надомести на државата од страна на сопстве... на стоката. Луѓето од овој крај биле крупни и изгледале како да се многу здрави.

Кога стигнале до местото каде требало да се копа рудникот виделе дека приодот бил тежок, а транспортот од таму бил многу скап. Во почетокот морало да се изгради пат за да можат да се користат богатствата на рудникот. На враќање тие нашле руда пирит за која месното население сметало дека е злато.

Селаните на групата и донесле бакар, железо и орпимент (арсенов трисулфит) за да испитаат колку од овие богатства има во овие краеви. Исто така, тогаш биле одредени и местата каде требало да се копа и да се инвестира капиталот. Потоа со помош на придружбата се вратиле во селото. Истите ги пратиле по патиштата низ планината, за да на крај со големо задоволство примат бакшиш од странците. Патописецот заклучил дека „не постои никаков извик на жалење во овие планини, освен што ние самите ја оценивме нивната безнадежна состојба[4].

По извесно време групата стигнала до Караџова планина. Таму биле добро дочекани странците. Луѓето изгледале здрави и биле високи. Куќите и тука биле изградени на еден спрат од тули со остри покриви од слама. Внатрешниот дел бил затемнет со прозорци и кепенци. Ретко на прозорците имало стакло. За горење и осветлување се употребувале катранести борови и од чадот предметите и ѕидовите биле темно обоени. Главен во овој дел бил Дурзе бег. Луѓето со кои разговарале ја величеле неговата моќ, гостопримство и слава. Интересно за странците било да се сретнат со еден великодостоенственик кој никогаш немал допир со европската цивилизација и не бил никогаш посетен од европејците. По четири часа патување тие стигнале до беговата резиденција. Куќата зафаќала голем простор и поголемиот дел бил на спрат со голем покрив. Имала сјајни прозорци и од страна на харемот била добро чувана и камуфлирана. Куќата го покажувала богатството и силата на турскиот достоенственик во внатрешноста на Македонија. Бегот добро ги примил и им ја ослободил својата лична капела за да ги изведуваат молитвите.

Позади одаите се наоѓало гумно опколено со високи ѕидови високи до два и половина метри. Патописецот дава опис на работата на гумното. Исто така, тој ја опишува вечерата и разговорот со турскиот достоенственик. Кога ја напуштиле куќата на бегот добиле придружба од страна на беговиот имам кој ги прател на патот скоро четири саати. На патот виделе жетвари кои употребувале многу вешто коси за косење на тревата. Тие изгледале силно и здраво.

Германскиот патописец правник по професија *Јохан Хан*[5], бил австриски конзул во Јанина и Сира. Во 1858 година добил задача да утврди дали има услови да се изгради железница од Белград кон југ. Тој добро го проучил патот

и изработил карти. Неговиот проект за изградба на железницата подоцна со мали измени се употребил при изградба на железницата. Своите патописни белешки ги издал под наслов: „Патувањето од Белград до Солун" со четири расправи за старата историја на подрачјето на Морава. Меѓу другото тој го споменува и Мариуфце (Мариово) кое се наоѓало во една падина на планината Бабуна и во областа имало 19 села. Населението биле дрвари кои добро граделе едноставни пилани кои биле слични на американските. Најголемо село било Дуње со 100 куќи и било четири часа пат оддалечено од Прилеп. Второ село по големина било Витилице (Витолишта) кое имало 90 куќи и било шест часа пат оддалечено од Прилеп.

Јохан Хан во 1863 година по втор пат патувал на ова подрачје. Во патописот издаден од ова патување во 1867 година се наоѓаат податоци за Мариовскиот и Мегленскиот крај.

Патописецот за Мариовскиот крај зборува дека според изгледот на пределот можело да се заклучи дека таму живееле разбојници. Но, Хан смета дека човек би се излажал бидејќи во пределот живееле многу мирни луѓе. Тие го поминувале животот мирно низ вековите. Само еднаш во годината биле посетувани од општинските првенци кои утврдувале колку данок требало да платат овие места, при оваа работа никогаш не раководел Турчин. Реформите кои ги спровела подоцна Турција имале влијание и на овие краеви. Селата биле должни да плаќаат голем данок на државата. Селскиот првенец требало да биде потврден од властите. Промена на првенецот се вршело кога селото не било задоволно од неговата работа. За извршување на оваа должност биле барани старци, пред сè, муслимани и од редовите на војничката каста. Првенецот добивал дел од жетвата, па неговото издржување им преставувало тешкотија на селаните. Покрај него во селото имало и епистат (нагледник) кој требало да го одржува редот и мирот по мариовските села.

Патописецот Хан го опишува пределот кој бил каменлив со малку плодна земја. Главна храна на жителите било месото од добитокот. Во пределот имало околу сто илјади овци и кози и многу маски.

Жителите на Мариово работеле во многу места во Турција и надвор од неа како ѕидари, дунѓери и дрводелци. Тие биле организирани во групи од 20 до 40 луѓе и од нив бил избиран најстариот мајстор кој раководел со работата и им наоѓал нови работи. Областа била богата со борова и дабова шума и дрвјата со сплавови се спуштале од Црна по Вардар, а потоа кон Солун и морето. Во областа мнозинството биле христијани кои не знаеле за крадење на стока и други разбојништва.

Областа административно припаѓала на Прилеп, а црковно на митрополитот Пелагониски (Манастир), а дел од областа му припаѓала на владиката од Стружница. Овој владика селата ги добил на поклон. Хан претпоставува дека овие области се богати со минерали.

Јохан Хан во својот патопис говори и за областа Моглена. Смета дека името на областа доаѓа од зборот магла или могла. Од жителите била нарекувана Меглен, а од Турците Караџова или Црна рамнина. Областа од исток кон

запад била долга шест часа одење, а од север кон југ четири часа. Таа е опколена од три високи планини и тоа: Нице (Ниџе) која од Турците била наречена Кајмакџоилан (Кајмакчалан) и имала висок р´т кој скоро цела година бил покриен од снег. Од север била планината Кожув, а од југ планина која почнувала од Кајмакчалан и чии крај бил наречен Бозакчи Бурну.

Низ областа поминувале три реки. Меѓу нив е Белица која поминувајќи правела неколку свиоци. Потоа реката Порои која извирала од Кожув и кај местото Слатина се соединувала со Белица. Третата река е Котер која исто извирала од Кожув и кај Слатина се соединувала со другите две реки. Сите три реки ја правеле реката Могленица.

Во оваа област имало 54 села, па иако била мала по површина била густо населена бидејќи земјата била многу плодна. Цената на земјата била три пати поголема од цената на околните области бидејќи тука во годината имало три жетви. Климата била здрава, а водите чисти. Земјата скоро цела година била зелена, а околните брегови и давале прекрасен изглед. Таму немало најдено ниедна старина.

Населението припаѓало на три раси со две вери. Могличаните зборувале некој специфичен јазик кој на странците им бил смешен.

Во Моглена слабо доаѓале странци и се сметала за арамиска област. Разбојниците често ги ограбувале патниците и затоа оваа област била опасна за поминување на странците. По Кримската војна Хусни паша кој управувал со областа ја направил посигурна и успешно се пресметувал со разбојниците.

Меглен се делел на две области и тоа Горен и Долен. Горната област била дадена на управа на воденскиот мудурлак со мудир кој бил сместен во Саботско. Долната област имала посебна управа и седиштето на мудирот било во Фуштани.

Во областа се произведувале вкусни пиперки кои преку Србија се пренесувале во Унгарија. Дел од пиперките се извезувале во Франција и Мисир. Бил произведуван и „црвен пипер", но, тој во продажба се наоѓал мешан со брашно од грашок или со црвена земја. Во 1863 година од Горната област се извезувало 185 илјади оки пипер, а од Долната 80 илјади оки.

Во Меглен била произведувана и свилена буба и во 1863 година за која зборува патописецот од Горната област било извезувано 38 илјади оки, а од Долната област 50 илјади. Посевите во Меглен биле добро уредени и изгледале поубаво од посевите во другите области.

Патописците кои ја посетиле Македонија во XIX век оставиле значајни податоци за многу работи кои се случувале. Особено се значајни податоците кои ги оставиле за Мариовскиот и Мегленскиот крај. Нивните патописи се значаен извор за проучување на историјата на македонскиот народ, пред сè, за проучување на историјата на Мегленскиот и Мариовскиот крај.

Даринка ПЕТРЕСКА

# РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ НА НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ ВО МАРИОВО ВО 1903

Никола Петров Русински е роден на 21. 11. (нов стил 4.12.) 1875 во селото Русиново во пазувите на бунтовната и слободољубива Малешевија. Припаѓал на онаа генерација македонски револуционери кои повеќе години учествувале во градењето и ширењето на Македонската револуционерна организација внатре во Македонија, кои ја направиле народна македонска и настојувале во душата и мислата на секој Македонец да проникне сознанието дека самиот тој треба да се подготви за самостојната ослободителна борба на својата татковина.

Русински припаѓал на плејадата македонски патриоти и револуционери, кои ја чувствувале цела Македонија за свој роден крај, кои со голем ентузијазам и елан подеднакво служеле на ослободителното и револуционерно дело во сите делови на својата татковина Македонија.

Својата револуционерна и организаторска дејност Н.П.Русински ја започнал, како близок соработник на Гоце Делчев уште во 1897 год., со првите активности за проширување и зацврстување на мрежата на Револуционерната организација и со ангажирањето околу формирањето и упатувањето на првата организациона чета во Малешевско, Виничко, Струмичко и Горноџумајско.[1)]

Свесно идејно определен да ѝ служи на ослободителната борба на Македонија, запознаен со воената стратегија и тактика преку школувањето во воено-то подофицерско училиште во Софија од есента 1895 до март 1897 год.[2)], запознаен со програмата, целта и задачите на ТМОРО како нејзин член, идејно-политички определен како социјалист по средбата со Васил Главинов од 1898 год.[3)], Русински во почетокот на 1900 год. заминал во Битолскиот револуционерен округ.

Во овој револуционерен округ на ТМОРО останал до крајот на 1903 год. и бил агитатор, организатор и војвода во 7 револуционерни околии и реони и тоа во: Демирхисарско, Крушевско, Кичевско, Прилепско, Охридско-Струшко, Битолско Поле и Мариово. Во времето на својот четиригодишен престој во овој округ, тој покажал извонредно голема активност и упорност за

постигнување договор за заедничка соработка на македонската социјалистичка група и ТМОРО, чии политички и ослободителни програми биле компатибилни.[4)]

Русински станал еден од најспособните воени инструктори и инспектори во времето кога започнале да се ставаат и зацврстуваат основите на воената организација на ТМОРО, кога се формирале првите организациони чети во револуционерните околии и реони на Битолскиот револуционерен округ, кога се чувствувала голема потреба од школовани војводи.[5)]

Придржувајќи се кон концепцијата за самородната-автентична ослободителна борба, Русински со својата организаторска чета во секој од споменатите револуционерни околии и реони ги обиколувал селата, вршел инспекција, држел собранија со селаните и им ја објаснувал целта и задачите на организацијата. Ги зацврстувал постоечките селски комитети и организации, формирал нови, таму каде што дотогаш немало такви, работел за народно самонаоружување[6)], воспоставил критериуми за формирање на реквизициони фондови за материјално обезбедување на четите и за други потреби на Организацијата[7)], вршел притисок врз егзархиските великодостојници и намесници да не пречат на револуционерното и ослободително дело на Организацијата[8)], ги објаснувал штетните последици за ослободителното дело од туѓите верски и друг вид пропаганди, ги помирувал припадниците на различните цркви, барал да учествуваат сите подеднакво во Организацијата[9)], ја пропагирал идејата за заедничка соработка на сите народности во Македонија против турскиот тирански режим и сл.

Со ваквите сфаќања и определби за целите и задачите на македонската ослободителна борба, Н.П.Русински се наредил во првите редови на револуционерно-демократските сили на ТМОРО од нејзиното формирање до крајот на 1903 год.[10)]

Револуционерната и востаничка 1903 година, Н.П.Русински го затекнала на функцијата околиски-војвода во Битолско поле и Мариово. На оваа должност тој бил назначен од Битолскиот окружен комитет на 7 декмври (ст. стил) 1902 год. Тогаш тој го имал псевдонимот Атила Елеонски. За еден месец од 12.12 (ст. стил)1902 до 7.02 (ст. стил) 1903 год. Русински со својата чета посетил повеќе села во Битолско: Карамани, Могила, Кукуречани, Оризари, Логоварди, Новаци, Мојно, Тепавци, Ношпал, Клепач, Мегленци, Паралово, Добрушево, Добромире, Агларци, Брод, Скочивир, Полог, Чегел и др.[11)]

По доаѓањето во овој реон Н.П.Русински воспоставил врски преку курири со војводите од соседните револуционерни реони: со Ѓорѓи Сугарев, кој бил битолски околиски војвода со реон во пелистерските села и Ѓавато[12)], со Толе Паша војвода во прилепскиот дел на Мариово[13)], а подоцна со прилепскиот оклиски војвода Петар Ацев и со др.

Војводата Н.П.Русински со неговата чета од 7 до 15 февруари (ст. стил) 1903 год. ги обиколил мариовските села: Петалино, Груништа, Будимирци, Градешница, Ивени, Рапеш, Брник, Маково, Црничани.[14)] Н.П. Русински бил мошне комуникативен, го запознавал менталитетот на луѓето во реонот кај

што доаѓал прв пат, брзо стекнувал доверба кај селаните. Тоа се случило и во мариовските села. Еден од најдоверените луѓе на Русински, кај кого ја чувал својата архива бил неговиот курир Стојче Петров Башев од с. Петалино.[15)]

Во мариовските села Русински го применил своето повеќегодишно искуство стекнато низ идејната и организаторска дејност во редовите на ТМОРО. Направил проверка на работата на постоечките селски комитети, формирал нови, таму каде што немало такви, покрстил поголем број селани, меѓу кои и жени во Револуционерната организација, изведувал воена обука со куририте, терористите и членовите на селските комитети, правел евиденција за бројот на семејствата, куќите, добитокот, формирал реквизиционени фондови и т.н.[16)]

Н.П.Русински во својата работа како организатор, агитатор и војвода ги согледувал специфичностите во секоја околија и реон и ја прилагодувал својата дејност на истите. Една од специфичностите во селата од битолско поле и селата од битолскиот дел на Мариово, било големото влијание на Цариградската патријаршија, за кое Н.П. Русински забележал: "Битолското поле и мариовските села беа пустиња без сенка, во која Патријаршијата си го разигруваше коњот, како што сака. Ја прибираше владиштината, а учители не им даваше"[17)] Ваквата запоставеност во просветен поглед негативно влијаела на ширењето на Македонската револуционерна организација. "Кај селаните во селата во кои немаше писмени луѓе тешко се спроведуваше револуционерното дело".[18)]

Тие што биле писмени, а ги имало сосема малку го научиле и грчкиот јазик, но биле "лоши гркомани", како што констатирал Русински и со нив требало многу подолго да се работи, да им се објаснуваат штетните последици од делбите на христијаните според црковната припадност, да им се направи да ја разберат целта на Организацијата, за да бидат привлечени во неа и егзархисти и патријаршисти, односно да не се разгорува фронт меѓу нив, кое одело на штета на ослободителното дело на Македонија. Дека навистина Русински со својата чета требало да оддели повеќе време и да го употреби својот авторитет како војвода, за надминување на овие состојби сведочи неговото сликовито објаснување на расположението на помладите патријаршисти во с. Будимирци. "Јас ги поканив сите селани на собрание, меѓу кои имаше и 3-4 старци над 80 годишна возраст. Претходно со старите си направив еден разговор ........старите беа отворени и ми се пожалија само од сопствените млади наследници, кои почнале да се нарекуваат "Елини" (Грци), откако Бугарите добиле држава. До тогаш, рекоа старците, не бевме виделе Грк и не се гоневме помеѓу себе си. Сега не смееме да минуваме преку реката со својот добиток, ниту даваме да поминуваат наваму оние што се од спротива на нас. Последните се Бугари, а ние Грци. Некои од младинците се смееја на добрите и искрени старци. За да ги избегнам евентуалните непотребни предизвикувања зедов збор од собраните селани и им реков отсега за напред границата меѓу оние од спротива и овие од оваа страна се крева. Граница ќе има само тогаш кога не ќе може да се минува река-

та Црна. Грци и Бугари веќе нема да има, а ќе има само браќа кои работат за слободата на својата татковска земја".[19)]

Со цел да се намали влијанието на Патријаршијата, да се спречи грцизацијата на младите, Н.П.Русински започнал да спроведува една посебна мерка. Препорачувал во селата да се собираат парични средства од доброволен прилог и да се создаде фонд за школување на по неколку деца, кои подоцна како писмени би биле многу корисни за Организацијата.[20)]

Во услови на црковна поделеност на македонското население во Мариово, Русински во сите села на собранијата со селаните ја објаснувал потребата од заедничка борба. "Ние, велел тој, го сакаме ослободувањето на Македонија со заеднички труд и со заедничко учество на сите поробени народности во Македонија и Одринско, кои тонат под бесправниот турски режим. Јас им давав за право да се самоопределат по постигнувањето на целта-ослободувањето на Македонија и Одринско. Никој не приговараше сите се радуваа што ме разбраа добро".[21)] Благодарение на ваквиот став на Револуционерната организација кон црковната припадност на селаните од мариовските села, на кој Русински како и другите војводи и членови на револуционерните комитети доследно се придржувал, во редовите на организацијата влегувале масовно и егзархисти и патријаршисти, а до Илинденското востание немало и некое поголемо предавство.[22)]

Вака започнатата, со многу трпение и такт револуционерна и организаторска работа на војводата Русински, за проширување и зацврстување на организационата мрежа во Битолското поле и Мариово, барала подолготрајно ангажирање. Меѓутоа се случиле некои настани, кои сосема го измениле текот и темпото на активностите планирани од Русински. Тоа биле пред сѐ неговото заболување од пневмонија и лечењето во Битола од 1.03 до 12.04 (по ст. стил) 1903 год. и донесената одлука во јануари 1903 год. во Солун за кревање на вооружено востание во Македонија во истата година.

Додека се наоѓал на лечење неговата реонска чета на чело со заменик војводата Ванчо Наумов од с. Велмевци, Демирхисарско ја продолжила идејно пропагандната и организаторска дејност во реонот.

Уште додека бил во Битола тој добил поконкретни вести за прифатеното решение во ЦК на ТМОРО во јануари 1903 год. за кревање на востание во Македонија. Како и другите војводи во Битолскиот револуционерен округ, кои го познавале процентот на опфатеноста на населението во Организацијата, бројот и степенот на обученоста на четничката сила и селската милиција, количеството на оружје и муниција во реоните во Округот, имотната состојба на населението и можноста за складирање на резерви од храна и сл, бил против тоа да се прифати во тогашни услови кревање масовно нардно востание и во Битолскиот револуционерен округ. Русински го изнел овој став на Смилевскиот окружен конгрес, на кој присуствувал како делегат од неговиот револуционерен реон Битолско поле и Мариово и категорички се изјаснил против решението на Солунскиот конгрес за кревање востание[23)]. Тоа бил став и на други војводи во Мариовско[24)]. Иако имало доста делегати: Н.Карев, Петар

Ацев, Тале Христов, Георги Пешков, и др. кои како Русински настојувале да го одложат прифаќањето на востанието, сепак мнозинството одлучило тоа да се крене и во Битолскиот револуционерен округ. Иако бил против, Русински се потчинил на оваа одлука на мнозинството на Смилевскиот конгрес. Бил избран за член на Прилепското горско началство, заедно со Петре Ацев, Тале Христов и Ордан Тренков[25)] и како војвода учествувал во Илинденското востание во Мариово.

На 27.04 (ст. стил), односно 10 мај 1903 год. тој се вратил во својот реон. Во тек на мај, јуни и до 20 јули (ст. стил), односно 2 август (нов стил) 1903 год., направил обиколка на селата, одржал собранија и им дал посебни упатства на организираните членови во сите села во Битолското поле и следните села од Мариово: Црничани, Маково, Брник, Рапеш, Ивени, Груниште, Бзоик, Старавина, Градешница, Орле, Будимирци сите во битолскиот дел на Мариово и Бешишта (во прилепскиот дел) и организирал револуционерно јадро во Витолишта (прилепскиот дел), без да влезе со чета во него поради турскиот гарнизон во селото.[26)] Согласно со преземените обврски за поготовки за востание, им препорачувал на селаните да се снабдат со резерви од храна (брашно, сол, масло и др.), формирал интендантски комисии, како помошни тела на селските револуционерни комитети, порачал од градот санитетски материјал и лекови и тн.

Неговиот реон бил еден од најслабо снабдените реони со оружје во Битолскиот револуционерен округ. Времето било многу кратко за да се поправи оваа положба до почетокот на востанието, но Русински сепак направил обиди на два пати да го искористи каналот на Воденската револуционерна организација за купување на уште 50-60 пушки од Грција. Меѓутоа овие обиди не дале резултат.[27)]

Во времето на овие подготовки за востание, четата на војводата Русински учествувала во борбата со турската војска во близината на с. Дуње, во месноста “Лесичка Река“ на 7.07 (ст. стил) 1903 год. Тоа се случило кога Н.П.Русински одел на средба со војводата П. Ацев, кој се наоѓал во Беловодичко. Четата на П. Ацев изненадно (од невнимание) се судрила со една турска воена потера на месноста “Студенец“. Ја прифатила борбата во многу неповолни позиции за неа. Поради тоа претрпела големи загуби. Податоците за бројот на загинатите се различни, од 17 до 22 четници. Тука загинал и членот на Прилепското горско началство Тале Христов.[28)]

Веднаш по првите истрели од кај “Студенец“ и Н. П. Русински притекнал на помош, односно со својата чета влегол во борба во “Лесичка Река“ со турската војска која доаѓала од Прилеп во правец на с. Витолишта, а потоа неговите четниците биле нападнати и од дел од војската од турскиот гарнизон во Дуње. Благодарение на познавањето на воената тактика и на повеќе годишното искуство како војвода и инструктор, Русински успеал и покрај лошата позиција во која се нашле четниците, да излезе од борбата со релативно мали загуби. Загинале тројца четници и еден бил тешко ранет. Еден од загинатите бил неговиот заменик војвода Ванчо Наумов.[29)]

По оваа битка Н.П.Русински, без да се сретне со П. Ацев, заминал кон Бешиште, потоа во Градешничко и на 17, 18 и 19 јули (ст. стил) 1903 престојувал во околината на с. Пожарско, Мегленско. Прокламацијата за отпочнување на востанието му ја донел неговиот курир од с. Петалино Стојче Петров на 19 јули (ст. стил), односно 1 август (н.стил) во Пожарско. Н.П.Русински веднаш тргнал кон с. Витолишта. Другиот ден на 20 јули (ст. стил), 2 август (нов стил) 1903, тој се состанал со П. Ацев и П. Тошев под с. Витолишта. На оваа средба на која присуствувале членовите на Прилепското горско начелство, членот на Госркиот штаб на Округот П. Тошев и војводите на прилепските и мариовските чети, бил разгледуван планот за напад на турскиот гарнизон во с. Витолишта-седиштето на Мариовската нахија. Биле предложени два плана: едниот од Н. П. Русински, а другиот од П. Ацев. Русински во своите спомени за ова забележал; "Имајќи ја предвид малубројноста и слабата вооруженост на четите, предлагав да одделиме една мала чета од општиот состав и таа да помине отворено низ некоја месност, каде ќе може да биде забележана од турската војска, а дугите наши три дела да бидат спремни. Војската ќе ја подгони првата, а две од скриените чети да ја удрат војската од страна или во грб. Едната чета, четвртата да ја нападне касарната. Ацев и Тошев мислеа со опсада да ја заземеме касарната"[30]). Очигледно П. Ацев и П. Тошев направиле грешка кога не го прифатиле добро смислениот план на Русински, кој имал и теоретско и практично искуство за војување. Нападот бил извршен според планот на П. Ацев и П. Тошев и бил неуспешен. Постојат повеќе датирања за овој напад на с. Витолишта и тоа дека бил на 20 јули (ст. стил), односно 2 август (нов стил), 22 јули (ст.стил), односно 4 август (нов дтил), 2 август (ст. стил), односно 15 август (нов. стил) 1903 год.[31])

По овој напад, Н. П. Русински извлекол заклучок дека толку многу војводи собрани на исто место, со различни ставови за планирање и изведување на напади и водењето на битките нема да бидат многу корисни за востанието и решил да го напушти местото член на Прилепското горско началство и се вратил во својот реон во селата од битолскиот дел на Мариово. Неговата чета се состоела од 72 четници заедно со селските чети и куририте од Новаци, Скочивир и др. села. По наредба на Русински куририте од битолските села пред да дојдат кај него требало да ги запалат турските кули. Како резултат на тоа биле изгорени турските кули во Скочивир, Брод, Рибарци, Новаци и др.[32]).

Иако имало повеќе илјадна војска во Мариово, до 6 август (ст.стил) таа не презела некои поголеми потери. На 6. август (ст. стил) 1903 г., кога четите под команда на реонскиот војвода Н. П. Русински (20 четници со Дедо Коло, 20 со П. Положанец, 15 со Т. Златков, 15 со С. Христов и 12 со Русински) се наоѓале во околината на с. Ивени, била опсадена на една височина над параловскиот манастир. четата на П. Железаров од Прилеп. Н.П.Русински со четниците му притекнал на помош и четата на П. Железаров се извлекла од опсадата само со 2 убиени и двајца ранети.[33])

На 8-ми август (ст. стил) 1903 год. се сретнал со леринските чети на чело со војводите Тане Стојчев, Алеко Џорле Церовски и Лечо Поп Атанасов, кои

под голем притисок од турските војски решиле да се префрлат во Мариово. Тој го презел командувањето и над нив.[34]

Н.П. Русински на 12 август (ст. стил) заминал на средба со Ѓ.Петров, кој во меѓувреме пристигнал во Прилепско. Оваа средба се одржала во Дренско на 12 или 13 август (ст. стил) 1903 год. На неа најверојатно не сатнало збор за некоја поголема заедничка акција во Мариово бидејќи Н. П. Русински веднаш се вратил назад преку Дуњско во неговиот револуционерен реон. Пред разделбата Русински, следејќи го движењето и распоредот на турските војски преку денот го предупредил Ѓ. Петров, дека утре ќе има борба, само не се знае кои чети ќе бидат нападнати. Ова предвидување се остварило. Другиот ден се одиграла битката во Дуњско.

Оваа била втора поголема борба во Мариовско од почетокот на востанието. Во неа учествувале четите кои биле под негово началство и четата на Никола Пешков. Вечерта пред битката 13 спроти 14 август (ст. стил) 1903 год. во Дуњско Н. П. Русински ги распоредил четите според негов план: Т. Златков и П. Железаров ги испратил да преминат во Лесичка река, во Кокренско или Крушевишко и таму да бидат расположени во грбот на непријателот кој ќе го нападнел нивниот бивак. Стојо Христов и Дедо Коло со 35 четника останале со Русински. Четите на Т. Златков и П. Железаров не стасале на определеното место туку се задржале на само 1000 чекори од главниот бивак. Утрото кога започнало опколувањето од турската војска тие се нашле во многу непогодна положба во долината заедно со четата на Н. Пешков. Ја напуштиле долината и се упатиле кон една височинка без да остават заштита од страна, поради што дале и многу жртви-22 загинати четници, а загинал и Пешков. Во тек на денот пристигнал еден полк од турска војска од кај Плетвар на помош на дуњската турска војска. Споменатиот полк на пат за Дренско поминал покрај четите на П. Ацев, Н. Мрмев и Ан. Ќосето во Беловодичко. Последните двајца настојувале да ги нападнат во грб војските кои веќе одминувале. Ацев се спротивставил. Се скарале и Ќосето си заминал во друг реон. Истата турска војска која доаѓала од кај Дренско со згуснати редови четири пати напаѓала на позициите кои ги држеле четниците на Н.П.Русински, но била успешно одбивана. Војската дала големи жртви. Од четниците на таа позиција паднале 4 четници. Жртвите на турската војска ќе биле поголеми ако и П. Ацев со четите кои биле кај него влегле во борба со споменатиот полк турска војска која доаѓала од Беловодичкио[35].

Вечерта четниците на чело со реонскиот војвода Н.П.Русински се извлекле од местото, слегле на Црна, кај напуштените воденици на с. Галишта. Четниците биле гладни некои не јаделе веќе 4-5 дена, се нашле на туѓ реон и не можеле да ги користат нивните складови со храна бидејќи тие се наоѓале далеку на запад, Турците ги блокирале селата. Во таква положба во наредните денови се движеле од Галишта, преку Мал Козјак, Бешишко до с. Горничево, Леринско, а при тоа биле следени од турска војска. Меѓутоа и таму кај што стасале на 17 август (ст. стил) не биле оставени на мира. Турските војски од Баница, Воштарани и Скочивир почнала широко опколување на просторот каде

се наоѓале четниците на чело со Русински и леринските чети со нивните војводи: Алеко, Лечо Поп Атанасов, Илија Чеков, Тане со Золе-К. Љондев. Четите се упатиле во повисоките планински предели кон Барбеш и Кајмакчалан. На 18 август (ст. стил), се распоредиле за борба и се судриле со турската војска. Меѓутоа Лечо Поп Атанасов и Илија Чеков со нивните четници ги напуштиле позициите самоиницијативно. Притоа излегле на отворен простор и турската војска во еден плотун убила 22 четници, а споменатите двајца војводи биле живи фатени. Останатите четници успеале да се одржат на своите позиции до 5 часот попладне. Во таа борба бил тешко ранет еден четник-десетар Наце Катин..[36)]

Во наредниот месец до 22 септември (ст. стил) четите под началство на реонскиот војвода Н.П.Русински одбегнувале поголеми судири со турската војска, која во Мариово броела околу 14 000, за да не дадат поголеми жртви и да не страда населението, да не бидат палени селата. Со постојани маневри во околината на селата: Будимирци, Бешиште, Петалино, Груништа и др. успевале да опстојат, но студот веќе ги затекнал неподготвени со облека и обувки. Така на 27 септември (10 октомври нов стил) 1903 год., паднала слана како снег. Слабо облечените и скоро боси четници почнале да размислуваат за префрлање во друг реон или ако дојде соопштение од штабот да се растурат, бидејќи веќе дознале од Власите во близината на Бешишта дека некои чети во Демирхисарско и Ресенско се распуштиле. За неможноста да издржат без облека и обувки Русински го дава следниот пример: “Јас на пример го распашав појасот го пресеков на два дела и си ги завиткав нозете, но без опинци, така направија мнозина“.[37)]

Во меѓувреме добиле вест дека и костурските чети на чело со Ив. Попов кои биле во Прилепско, го напуштиле и тргнале преку Орле за Костурско. Сметајќи дека ќе поминат на Скочивир, Н.П.Русински со преостанатите четници и оние на Дедо Коло (Т.Златков и П. Железаров веќе си заминале за Битола уште на 22 септември), се упатиле во тој правец да се сретнат со Ив. Попов и другите костурски војводи.. Чекајќи ги костурските четници во Грунишко, тие оддалеку биле сведоци на борбата која се одиграла во Близината на Чаништа и Орле во која учествувала четата на Ѓ.Петров и костурските чети. на чело со Ив. Попов, Лазар Поп Трајков и др. За времето на оваа битка има повеќе дати: 2 октомври (ст. стил), 6. октомври (ст. стил), 20 октомври (ст. стил) 1903 год.[38)]

Н.П.Русински и Дедо Коло со четите веднаш по првиот тресок на бомбите кај с. Орле, се подготвиле да тргна на помош, но биле забележани од 400 до 500 турски војници, кои доаѓале од нивната југозападна страна и биле приковани на овие позиции скоро цел ден. Војската се повлекла дури вечерта. Другиот ден се сретнале четите на Ѓ.Петров, Ив. Попов и Л. Поп Трајков, кои се бореле кај Чаништа и Орле, со битолските чети на Н.П.Русински и Дедо Коло. Војводите се договориле да заминат за Воденско за изведување на диверзантски и други акции. Затоа се упатиле кон Нице. Во меѓувреме добиле известување дека пристигнал членот на Горскиот востанички штаб на Битолскиот

округ Борис Сарафов. Тој во присуство на сите горе споменати чети и на леринските го соопштил решението за распуштање на четите и за прекратувањето на востанието. Тоа се случило околу 6 октомври (ст. стил) 1903 год.[39] Борис Сарафов им го соопштил на војводите и четниците решението на Штабот за прекратување на востанието и за распуштање на четите.

Русински бил многу револтиран од начинот на кој настапувал Сарафов прво на Смилевскиот когрес за прифаќање на решението за востание, а сега бил уште по револтиран од начинот на кој го соопштувал неговото прекратување и од поканата Русински да замине со него за Бугарија. Русински ја одбил поканата со зборовите дека ниту дошол со него ниту ќе замине со него и дека само "гостите треба да си заминат".[40] По неколку дена откако се разотишле последните четници од неговата чета и тој заминал за Битола. Со тоа завршила организаторската и револуционерна дејност на реонскиот војвода Н.П.Русински во Битолско поле и Мариово во востаничката 1903 год.



*с. Манастир Мариово - 13 век(Манастир Св. Никола, Св. Архангел и Св. Богородица)*



*с. Манастир Мариово - 13 век(Манастир Св. Никола, Св. Арханѓел и Св. Богородица) ентериер*